**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од Јавната расправа на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 13 септември 2016 година**

**Скопје, септември 2016 година**

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**Од Јавната расправа на Национален совет за евроинтеграции,**
**одржана на 13 септември 2016 година**

Јавната расправа се одржа во сала "Борис Трајковски" во Собранието на Република Македонија, со почетокот во 11,18 часот.

Јавната расправа ја отвори и со неа претседаваше Лидија Димова, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

**Лидија Димова:**

Добар ден на сите. Мислам дека можеме да започнеме со работниот дел. Ја отворам оваа јавна расправа на Националниот совет за евроинтеграции на тема "Раскрстување со минатото според препораките на Европската комисија". Целта на организирањето на јавната расправа е да се отвори една поширока дебата за реализацијата на препораките од Европската комисија и тоа зборувам конкретно за Итните реформски приоритети од јуни 2015 година кои се однесуваат конкретно на темата за лустрацијата.

На денешната јавна расправа покрај членовите на Националниот совет за евроинтеграции се поканети и претседателите и членовите на Комисијата за европски прашања, Мешовитиот парламентарен комитет на Република Македонија и на Европската унија, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, потпретседателите на Собранието на Република Македонија, координаторите на пратеничките групи, претседателот и членовите актуелни и поранешни на Комисијата за верификација на факти, претставници од Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Народниот правобранител, Дирекцијата за заштита на лични податоци, адвокати кои ги бранат жртвите од лустрацијата, експерти, новинари, претставници на организациите на граѓанското општество. На јавната расправа поканети се и претставници на делегацијата на Европската унија во Република Македонија и од амбасадите на државите членки на Европската унија во Република Македонија.

Со поканата за јавната расправа на вашата електронска пошта за ваше информирање ви беше доставена и Листата на Итните реформски приоритети за Република Македонија од Европската комисија од јуни 2015 година, како и Компаративна анализа за примената на лустрацијата на одредени европски држави изготвена од Парламентарниот институт на Собранието. Во Итните реформски приоритети за Република Македонија, Европската комисија нотира дека треба да се решат сериозните недостатоци, значи цитирам "Сериозните недостатоци на лустрацијата да се ревидира и поништи Законот за лустрација и неговото спроведување особено имајќи го во предвид мислењето на Венецијанската комисија во однос на временските ограничувања, заштитата од политички, идеолошки и партиски причини кои се користат како основ за лустрација како и исклучување на лица на приватни или полу приватни позиции и посилна заштита на идентитетот на субјектите до конечната судска одлука“, затворен цитат.

Собранието на Република Македонија постапи по препораката од Итните реформски приоритети така што го прифати предлогот на група пратеници за поништување на Законот за лустрација и на 21.08.2015 година Законот за лустрација престана да важи, а од 01.09.2015 престанува овој закон да се применува. Но, прашањето е дали е тоа доволно? Дали го решивме со тоа проблемот? Со политичкиот реваншизам? Дали го решивме

проблемот со обештетување на лицата кои беа жртви на овој инструмент на власта за справување со различно мислениците? Ќе поднесе ли некој одговорност за ваквото постапување? Сите се овие легитимни прашања кои што се надевам ќе ги отвориме денеска, токму на оваа јавна расправа. Ајде да ги видиме фактите. Комисијата за верификација на факти го отпочнува процесот на лустрација во државата и досега утврди соработка со органите на државната безбедност на над 300 лица и провери повеќе од 30.000 лица поранешни носители на јавна функција, јавна дејност или со јавни овластувања, сегашни носители на овие функции, како и кандидати за функции. Меѓу лустрираните се најдоа професори, писатели, поранешни министри, политички функционери, јавни и познати личности. Од 1-ви септември 2015 година Комисијата за верификација на факти нема мандат да покренува нови постапки. Во меѓувреме, Управниот суд поништува поголем број на решенија, а Европскиот суд за човекови права веќе почнува да се изјаснува во врска со прифатените предмети. Ако го погледнеме Буџетот на Република Македонија за 2015 и 2016 година ќе видиме дека престанокот на мандатот на Комисијата за верификација на факти не се отсликува соодветно. Имено, буџетот на оваа институција е речиси ист како во 2015 година. Ако во 2015 бил 316.000 евра, во 2106 е 314.000 евра. Значи незначително намалување.

Би сакала да ви укажам дека се поделени, покрај вас имате ливчиња каде што можете да се пријавите за дискусија и ќе ве замолам да се пријавувате со тоа што ќе го пополните формуларот и ќе го доставите на службите кои што ќе ни го достават нам. Поради голем интерес за оваа јавна дебата целата е таа навистина да ја направиме јавна така што предност ќе добијат граѓаните. Ќе ве замолам да се концентрирате на не повеќе од 5 минути во вашите обраќања. За тие кои што прв пат доаѓаат во Националниот совет би сакала да ги информирам дека нема да има реплики и предност ќе добијат граѓаните, а потоа ќе ги замолам сите пратеници да почекаат и да ни се обратат на оваа јавна расправа. Со ова практично ја отворам дискусијата.

Прв за дискусија се јави професорот Владимир Пивоваров од МИТ универзитетот од Скопје. Професоре повелете.

**Владимир Пивоваров:**

Добар ден.

На почетокот на дебатите, пред да отпочне со важење на овој закон имав можност со претседателот на комисијата да дебатираме и мислев дека сме на правиот пат да ја спроведуваме лустрацијата. За жал секогаш треба да се учиме од туѓите грешки и од туѓите работи бидејќи таа многу пред нашето спроведување беше спроведена во земјите од Источна Европа, а како домашна задача поставена од Европската Унија. За жал ние применивме еден невиден модел кој модел апсолутно не овозможуваше на жртвите кои сега веќе ги велам а тука се присутни жртви на лустрацијата да имаат правична одбрана односно да ја докажуваат својата невиност.

Прво, комисијата почна од едни зачудувачки факти да ја врши лустрацијата без да ја има во предвид материјалната вистина и пред се вербалните докази. Таа ги зеде во корист вербалните докази. Како 25 годишен припадник на службите, завршив директно во разузнавачка служба сакам да ви појаснам што се се случуваше. Значи тоа беше во целиот период и поранешна Југославија и Македонија независна, еден период во кој многу често се случуваа измами од инспекторите од ДБК кои во своите разузнавачки информации земаа

одредено има како извор на таа информација. тие податоци беа бележани и во аналитичките евиденции. Таквите лица се водеа како соработници кои ниту знаеа дека разговарале со претпоставениот инспектор од ДБК, ниту пак имале можност да се сретнат со него. Денеска дојдовме во ситуација односно за време на лустрацијата таквите не можеа да докажат своето немање на комуникација. Од самите материјали кои се земаше за лустрирање комисијата апсолутно не се осврна ниту трошка на материјалната вистина, а таа постоеше. Прво, многу живи инспектори од ДБК кои беа спомнувани и кои излегуваа во јавноста за некои лица кои беа лустрирани никој не ги повика во комисијата да ги соочи вистинските живи оперативци и да го соочи со лицето кое е лустрирано за да се дознае вистината дали навистина бил тој соработник или не. Тоа е само еден момент.

Вториот момент е, тогаш ние имавме и тајни станови како и секоја служба за комуникација со оперативните врски ниту еднаш не слушнавме од Комисијата за лустрација дека тие материјални докази, тие снимени разговори да видиме дали навистина тој човек комуницирал со инспекторот од ДБК, кога комуницирал и со тоа да докажеме дека навистина тој бил соработник. Во делот на докажувањето на вината, односно поентата беше да се докаже штетата нанесена кон трето лице. Јас не видов во ниту во еден случај досега јавно објавен од комисијата дека одредено лице претрпело одредена материјална, физичка или психолошка штета или пак неговото семејство. Од друга страна да се каже дека некој добил, тоа е битието на целиот закон дека  добил некоја материјална или финансиска корист или движење во кариера, а со тоа го прекршил законот. Ваквите закони без спроведени многу пред нас, ама не сакавме да ги спроведеме како што сите ги спроведоа. Еве пример ќе ви дадам за Словечка 2002 година кога почнаа да го спроведуваат законот формираа институт. Тој институт се грижеше ама буквално за секој момент за докажување на вистината. Не само да правиме лов на вештерки, како ние што направивме, политичките неистомисленици да ги жигосаме и оваа наша лустрација личеше повеќе на циркус Медрано. Зошто? Зошто сите во македонската јавност знаевме дека пред да отпочне постапката кој е следниот за лустрирање. Многу битни моменти од самиот процес на лустрација укажуваат на времето кој е лустриран, кога е лустриран и зошто е лустриран. Значи како одеше, ако направиме анализа дека е се направено по нарачка. Во овие процеси на лустрација беше велам урнисан безбедносниот систем. Зошто? Основно средство и алат за работа на сите безбедносни разузнавачки служби во светски рамки е токму оперативната врска. Електронските можности за прибирање на сознанија се само помагало. Без оперативна врска немате можност никако да навлезете во една криминална структура, а со самото тоа да ги насочите електронските средства за прибирање на сознанија. Но што е поентата? Ако направиме анализа официјално нашата Влада рече дека имаме 7-8 во последниве 10 години терористички акти. Ниту еден превениран, ниту еден предвиден, ниту еден спречен, ниту еден докажан. Значи велам, доколку овие луѓе имаа можност да имаат оперативни врски, а од денеска верувајте дека следниве 50 години македонските служби ќе нема можност  цела генерација ќе треба да изумре да може да организираат соработник за да можат да си ја извршуваат својата работа. Конкретен пример ќе ви кажам. Ако сакаме нешто да ѕидаме на ѕидарот му ја земеме мистријата и бараме од него да ѕида. Дали ќе го иѕида ѕидот? Не. Нема, основна алатка е. Исто тоа е и со оперативците во службите за безбедност. Тоа се други прашања кои натаму верувам дека по дебатава ќе треба да се отворат за работата на службите како денеска работат.

И нешто што беше не морално велам во овој закон, значи почетокот и крајот. До денеска имавме кодоши, од денеска немаме кодоши, она што го видовме директно. Зошто велам дека беше само политички, инквизиторски инструмент овој закон? Затоа што лустрираме мртви лица, а суштината на овој закон е лицата кои го прекршиле законот да не можат да влијаат во општеството. Потоа имавме лица кои наместо да ги наградиме како херои кои работеа за Македонија, во интерес на Македонија се бореа со странски разузнавачки служби. Па ве прашувам каде е штетата? Инаку сигурно добро знаете од општа култура дека во Англија за време на студената војна секој граѓанин кој патуваше во странство беше должен морално, не законски да поднесе извештај што забележал во некоја од земјите во Источна Европа. На пример движење на воени единици итн. Дали тие луѓе треба да ги лустрираат во таа земја? Апсолутно не. Затоа велам дека суштината на овој закон и морално е ако се направи една вистинска лустрација, а верувам дека мора да се направи, да ја направиме како некој успешно што ја направија. Да формираме институт и да ги испита сите можности.

Ниту еднаш не забележав дека комисијата не направи вистински вештачење. Секој од нас со нашите пишувања има свој стил, има свои начини на извори итн. Од оние материјали кои беа објавени, кои ги погледнав ама апсолутно немаше никаква точност во веродостојноста на човекот кој што се лустрира поради некој материјал. Пример се сеќавам за материјалот за господинот Владимир Милчин.

**Лидија Димова:**

Се извинувам господине Пивоваров да привршувате.

**Владимир Пивоваров:**

Само да дообјаснам. Во тој материјал читам дека оперативецот се сретнал со соработникот во неговата канцеларија. Значи, тие оперативци од поранешна Југославија верувајте ми дека ни на сон не им текнало такво нешто да направат затоа што тоа е нешто најстрашно. Секогаш состаноци се држеа на тајни места каде што никој немаше тоа да го забележи. Во многу други случаи кога гледав се сретнав со соработникот во службените простории.... Да прекинам?

**Лидија Димова:**

Ве молам имам интервенција од место.

**Владимир Пивоваров:**

Добро, знам дека не ви одговара, меѓутоа тоа е тоа. Се извинувам има многу да се зборува.

Благодарам.

**Лидија Димова:**

Благодарам.

Следен на ред е господинот Темелко Рестевски од Институтот за човекови права, повелете.

**Темелко Ристевски:**

Ви се заблагодарувам за поканата да присуствувам како претставник од Институтот за човекови права на оваа многу важна јавна расправа

Само да ве информирам. Институтот за човекови права веќе подолго време го елаборира ова прашање и подготвена е една студија во која што ја опфативме материјално правната рамка на лустрацијата. Потоа процесно правната рамка, Законот за општата управна постапка, Законот за управни спорови и нивното советување. Ја анализиравме праксата на Европскиот суд за човекови права, ставовите на органите на Европската унија и Венецијанската комисја. Извршивме една мошне интересна компаративна анализа на процесите на лустрацијата во земјите во Централна Европа и Источна Европа.

Ќе се задржам прво на временската рамка. Законот за лустрација опфаќа една многу широка рамка. Наш став е, на Институтот за човекови права, дека требаше да се задржиме на периодот на владеењето на комунизмот, на времето од 44-та до 45-та година до транзицијата, правната транзиција нели која настапи со донесувањето на Уставот на Република Македонија на 17 ноември. Потоа имаме еден друг систем, правен систем. Што се однесува до опфатот на лицата Законот за лустрација имаше широк, енормен опфат на лицата. Оние лица кои се наведени во Законот за листрација не се сите носители на јавни функции. Носител на јавна функција е лице кое што се наоѓе на висока позиција, на таква позиција во органите на специјалната власт каде што е во позиција да одлучува за правата и обврските на граѓаните. И тоа лице треба да биде лустрирано, а не уметници, професори, писатели итн. Професор кој што предава на факултет каков носител е на јавна функција? Писател не е носител на јавна функција итн. Починати лица? Општествените односи се односи интервивос, не односи со починати, со мртви луѓе. И апсолутно е неморално да се пушта во лустрирање на починати лица. Ние имаме маса на починати лица кои што беа лустрирани. Неморално, незаконито.

Транспарентноста. Сметаме дека Комисијата за лустрација во својата постапка не беше доволно транспарентна. Со недоволната транспарентност не им се овозможуваше на странките да ги остварат и да ги заштите своите права и правни интереси со тоа што ќе ги изнесуваат своите факти, со тоа што ќе се бранат пред комисијата. Со тоа нормално се оневозможуваат да се соберат ефективни, ефикасни и на вистина, на материјалната вистина базирани постапки. Се поведуваше, морам тоа да го напоменам, членот 6 од Европската конвенција за човекови права со кои што на граѓаните на Европа и на нашите граѓани им се гарантира право на непристрасно судење. Повреден е членот 8 од Европската конвенција на човековите права, правото на приватност се вршеше со тоа што одлуките на комисијата се објавуваа пред да постане правосилно решението, останува правосилно по истекот на рокот за жалба. Ако странката не поднела жалба или по донесување на пресуда на Управниот суд, односно Вишиот управен суд, ако поднела тужба до Управниот суд и жалба после тоа. е после тоа треба да се објави одлуката, а не пред тоа да се жигосува неосновано.

Што се однесува до последиците, Комисијата се претвори во квази судски орган. Таа санкционираше, елиминираше од функции, јавни функции лица кои што се лустрирани. Тоа не смее да се прави. Тоа е санкција. Може да функционираат само судовите во пропишана кривична постапка, а не еден орган на управа. Во овој смисол да напомнам, од компаративното право, компаративна анализа, претпоставувам дека сте информирани, дека најдобро решение имаа нашите комшии, Бугарите. Тие не санкционираа. Едноставно,

спроведуваа лустрација, расветлуваа кој работел, што работел,како работел, како соработувал со органите за државната безбедност и на тоа се завршуваше работаа, освен во случаите кога беа направени кривични дела ____________, знаете тоа не застарува. Не застаруваат тие дела. На тоа требаше да нивниот пример да го следиме и ние овде во Република Македонија. Вистината треба да се утврди, Боже мој, никому тоа не смета, а не и да се санкционираат лица како што тоа кај нас се правеше.

Овде се повредува, да го спомнам и тоа, и начелото на забрана на ретроактивното дејство на законите и другите прописи кое што е потенцирано во документите за човекови права, почнувајќи од Европската конвенција за човекови права.

**Лидија Димова:**

Ќе ве замолам да привршувате.

**Темелко Ристевски:**

Нашата забелешка е и селективната примена на Законот. Се лустрираа лица кои што очигледно не беа по милост на власта, а лица кои што се блиски со власта не се лустрираа. Да не ширам, пошто изгледа времето е при крај, да завршам.

Наш предлог е Законот за престанок на Законот за вршење на Законот за лустрација кој што овозможува понатамошна работа на Комисијата за лустрација да се елиминира од правниот поредок, било со интервенција на Парламентот, било со интервенција на Уставниот суд, мора да се елиминира тој Закон. Тој закон и понатака прави штета. Лицата кои што беа лустрирани да, доколку некој има и последица, а има такви кои што последици беа елиминирани од вршење на функциите во општеството, да се вратат на своите работни места, односно да се елиминираат овие последици и да добијат соодветна за преправената лустрација да добијат соодветна материјална и морална сатисфакција. Тоа мораме да го направиме ако сакаме да бидеме чесни и поштени и доследно да го спроведеме она што е цел на лустрацијата. Целта на лустрацијата беше расветлување, расчистување со минатото, а не казнување на лица.

Благодарам на вниманието.

**Лидија Димова:**

Ви благодарам и вам.

Следен на ред е господинот Никола Бабовски, претседател на Демократскиот сојуз на Власи.

Веднаш, после него нека се подготвува господинот Благоја Гешовски, поранешен член на Комисијата за верификација на факти.

**Никола Бабовски:**

Добар ден. Благодарам на можноста да се обратам и пред вас, бидејќи во овие изминати години ценејќи ја и темата на денешнава јавна расправа, раскрстување со минатото според препораките на Европската комисија, јас би рекол, раскрстување да со минатото, меѓутоа со кое минатото. Минатото што некогаш е опфатено со лустрацијата или минатото кое што ќе остане после оваа Комисија. Со кого треба да раскрстиме? Бидејќи, јас сум еден од лустрираните, односно јас сум македонскиот рекордер во лустрација. Мило ми

е, горд сум на тоа, бидејќи мојата документација покажува нешто друго од она што сакаат мене да ми се прикачи, прилепи. Не, господа, такво нешто јас не прифаќам.

Дали може, дали постои во некој правосуден систем да еден орган државен, да се постави над правосудството, над правниот систем во државата. Тоа е ерозија не само на правосудниот систем, тоа е ерозија на вредностите на демократијата, ерозија на владеењето на првото во еден систем. Кај нас со овие неколку изменети, дополнети, надградени, а гледаме и денес рушени закони за лустрација се случува да наместо да се надокнади компензира на некој начин, човечки колку е тоа можно, доколку во изминатиот систем, зборувам минатиот систем имало оштетени лица, тоа да, во секој случај. Меѓутоа, ова беше класична, буквално класична пресметка со сите политички неистомисленици кои сакаа некој да ги заќути, а немаа друг начин како. Единствен начин беше на оваа Комисија, бивша, сегашна, се извинувам не сакам некого да навредам, се направи елиминација, јавно жигосување, линч, деградација ан личноста. Па еве, јас ќе прашам јавно од оваа говорница, господа кога лустриравте, ме лустриравте мене или мојата фамилија. Погледнете ме во очи, слободно. Бидејќи на она што е на веб страниците за мене и за многу други случаеви, јас кажав и пак ќе кажам, извршена е политичка педофилија. Вие, моите деца малолетни ги ставивте на веб страна. Тоа се коси со сите меѓународни декларации, се коси со Уставот право на Република Македонија. Вие нас не осудивте сите. Сите не осудивте без да имаме можност. Сме барале јавна дебата. Никогаш не сме ја добиле од судовите, ниту пак кај вас. Ниту пак сакав да доаѓам кај вас, искрено да ви кажам. Не чувствувам потреба, ни морална, ни човечка. А за да можеме да раскрстиме она што е тема за она што сме денес дојдени овде, и овој Закон, и оваа Комисија, веднаш, уште вчера да прекине. Да се донесе закон, точно, кој ќе овозможи расчистување, рехабилитација на одредени личности кои можеби во минатиот систем имале проблеми, ама исто така, нив судовите на државата, значи во правниот систем, правниот поредок, секој еден ако бил оштетен од било кој од нас кои сме лустрирани, јас не видов ни една жртва. Јас сум жртвата. Мојата фамилија, моите се уште малолетни деца. Зарем таква лустрација и треба на една држава? Јас овде гледав во документите кои што ги добивме за самата седница, приемната на лустрацијата во одредени европски држави, нигде ваква брука и срамота не најдов. Нигде. Најдов, да, начини како одредени држави кон тоа пристапувале, како тоа го применувале. Со самит Закон за лустрација, јас не сум по вокација правник. Знаете колку други закони, почнувајќи од уставното начело на пресумпција на невиност па се до последниот Закон кој што и тој е повреден за пристап до јавни информации, знаете ли колку закони, колку членови се погазени. Се со една цел - политичка пресметка и тоа класична, најсурова. Како можете да лустрирате, да ставите во правна процедура човек кој е мртов. Која уста ќе ви одговори. Јас сум тука, јас ќе ви одговорам во секое време, не ми е проблем. Затоа што гордо стојам овде јас. Не сум кодош. Јавно кажувам. Секој еден, имаше до скоро кого го интересираше и ги симнал документите мои, затоа што таму имаше, многу добро знаете и отповеќе документи. Не влегувам во материјална расправа на вистинитоста и невистиноста.

**Лидија Димова:**
Ќе ве замолам да привршувате господине.

**Никола Бабовски:**
Да, благодарам, веднаш, само кратко.

Заради тоа господа пошто јас доаѓам од Битола, заради тоа што некој се дрзнал мојата фамилија да ја воведе во процесот на лустрација, не мене лично, документите стојат и беа јавни, дали тие што ја спроведуваа оваа лустрација на чело со претседателот на Комисијата за лустрација се погледнаа дома во огледало. Ако не се, еве од мене едно огледало овде, кога ќе земете збор, повелете, погледнете се. Ќе видите __________, да не речам некои други потешки работи кои мене лично не ми доликуваат, а вам ви прилегаат. Благодарам.

**Лидија Димова:**

Ви Благодарам и вам.

Следен на ред е господинот Благоја Гешовски, а веднаш после нека се подготви господинот Трендафил Ивановски, поранешен судија на Уставен суд на Република Македонија.

**Благоја Гешоски:**

Благодарам госпоѓо Димова.

Почитувани присутни, својот став околу процесот на лустрација и како тоа Комисијата за лустрација, чијшто член бев во првиот мандат функционираше и работеше го соопштував редовно тогаш кога ја чувствував потребата.

Исто така, еден свој став за лустрацијата во Република Македонија напишав минатата година овој период, кога условно се постапи според препораките на господин Прибе и требаше да заврши процесот на лустрација во Република Македонија.

Тогаш поставив неколку прашања. Дали лустрацијата ги исполни очекувањата? Кои се придобивките од неа за Македонија и нејзините граѓани? Дали процесот кој што беше замислен како соочување со минатото и негово размислување донесе нешто добро за нашето денес. Дали процесот беше правичен или сакајќи да исправиме една историска неправда, испишавме уште една темна страна во македонската сегашност и уште многу вакви дали, дали прашања.

Но, сепак би започнал по ред со неколку факти. Значи, факт е дека спроведувањето на процесот на лустрација беше еден од условите кој треба да го исполни Република Македонија на својот пат кон Европската Унија. Исто така, општо прифатено е дека тој процес започна многу касно во Република Македонија, дури 18 години после осамостојувањето. Општо познато е дека во сите земји каде што се спроведувал овој процес, тој бил контроверзен и донесол многу проблеми, бидејќи сепак соочувањето со минатото не е и така лесен процес. Овдека ќе споделам и еден друг факт за да бидат до крај чесен кон себе си. Јас во Комисијата сум гласал за голем дел од оние кои што се лустрирани и кога денес би бил пак член на Комисијата за лустрација повторно за предметите во кои што сум убеден би постапил исто, без разлика што се случувало во овој изминат период. Меѓутоа, во правото има една изрека која вели подобро 10 виновници на слобода, отколку едне виновен во затвор. Значи, обратно. Подобро 10 невини ..., се разбравме.

Значи, исто така факт е дека дел од оние кои што според мене се праведно лустрирани се многу гласни во јавноста во изминатиот период и јас сакам да кажам дека од нивниот лелек ние не можеме да го слушнеме плачот на оние кои што се неправедно лустрирани. За жал, начинот на кој што Комисијата функционираше доведе да денес ние употребуваме термин, жртви на лустрацијата.

Сега, процесот кој што требаше да ги открие жртвите на поранешниот комунистички систем, да ги казни оние, условно казни, бидејќи ова не е казна според нашиот Закон за лустрација кој што ги направиле да бидат жртви, го претворивме во уште една неправда која што создаде нови жртви. И дали ова значи дека утре ние треба да имаме лустрација на лустрацијата. Процесот, власта предводена од, односно преку своето мнозинство во Комисијата предводена од вечниот претседател Томе Аџиев, кој што спротивно на Закон е долги години претседател на Комисијата го претвори во монструм за политички реваншизам и жигосување со лицата кои што во тој момент се добиваше налог да бидат лустрирани. Дека не смеело да биде така, ние добивме препораки од Венецијанската комисија и од Европската комисија, од комесарот за човекови права, каде што децидно е наведено дека лустрацијата не треба никогаш да се користи за политички или лични цели и дека таа не треба да се спроведува според желбата за одмазда наместо правда. Значи, ова е наведено во извештаите од Европската комисија и јас нема да ве замарам бидејќи верувам дека сите сте ги виделе и прочитале. Процесот беше селективен. Јас само ќе покажам една лоша копија, меѓутоа, на сите ќе стане јасно. Ова го има на веб страната на Комисијата и ова е инаква си службена белешка за спроведување на тајно следење или прислушување на некое лице. И сега ова го одобриле еден, два, три, четири функционери во Службата за државна безбедност. Лустриран е само еден. Ако ова не е доказ дека процесот бил селективен, тогаш мене навистина не ми е јасно каков друг доказ треба да видиме пред себе си, зошто велиме и тврдиме дека процесот бил селективен.

Исто така, слушнавме во снимките кои што беа објавени како пратеник нарачува претседателот на Комисијата, лустрација на судија и вели: ајде тој судијата од Кичево лустрирајте го бидејќи ни прави проблеми.

Да биде иронијата поголема, јас ќе спомнам само два случаи. Едниот е судијата Драган Билески, кого го споменав и другиот е новинарската Јадранка Костова. Значи, во првична постапка и едниот и другиот го поминале филтерот на Комисијата дека го исполнуваат дополнителниот услов за вршење на јавна функција, односно дека не биле соработници со службите.

Што се случува во подоцнежен период, да со некое наводно добивање на нови докази, а за едниот од случаите тврдам дека ниту еден збор не е нов од тие првите кои што сме ги гледале, се отвора повторно предметот и имаме лустрација.

И да е така, значи Комисијата се обраќа до четири безбедносни служби, ги прашува дали лицето тоа и тоа било ваш соработник. Добива одговор дека не биле. Комисијата по свое истражување открива дека е соработник, тогаш предметот не смее тука да застане. Комисијата кога го лустрира лицето, иако на службата и вели ние не излажавте кога го сокривте овој ваш соработник, тогаш таа постапка треба да продолжи најверојатно против службата или против лицата во службата кои што на Комисијата и доставиле неверодостојни податоци и информации. Инаку, ваквиот начин е само јавно жигосување и стигматизација на лицата кои што не биле во милост на актуелната власт во Република Македонија.

**Лидија Димова:**

Ќе ве замолам за приврШувате.

**Благоја Гешоски:**

Да. Само за резиме ќе го прочитам уште еднаш она што го имам напишано во моето минатогодишно обраќање до јавноста по повод процесот на лустрација.

Значи, лустрацијата ја промаши својата цел, не ги оправда очекувањата, нанесе нови неправди и создаде нови поделби меѓу граѓаните. Власта овој процес го извитопери и го претвори во монструм за заплашување на неистомисленициите и нејзините критичари.

Точно е дека никој, никогаш не ги спомна жртвите на лустрацијата. Никој не ги праша нив дали ова што денес го добиваат од процесот на лустрација им е доволна сатисфакција за сето она што го преживеале во минатото. Бидејќи, едноставно е, не може да има кодоши, а да нема жртви. Најголем доказ дека јас и моите колеги кои што се спротивставуваме на ваквиот процес на лустрација беа досегашните извештаи на Европската Унија, Венецијанската Комисија, Извештајот на господинот Прибе, според кој се постапи и се прекина лустрацијата во Република Македонија.

Ова е мојот став. Стојам на него се уште. Тврдам дека лустрацијата ја промаши својата цел и дека ваква каква што беше спроведена од услов на нашиот пат кон Европската Унија, ваквото спроведување на процесот на лустрација ние направивме да биде пречка на патот кон Европската Унија и токму затоа во Извештајот на Прибе ни беше кажано да прекинеме со ваков извитоперен модел на лустрација. Благодарам.

**Лидија Димова:** Ви благодарам и вам.

Следен на ред е судијата Трендафил Ивановски а нека се подготви господинот Сашо Ордановски.

**Трендафил Ивановски:**

Почитувана претседател на комисијата.

Дами и господа, добро ќе беше еден таков еминентен собир, еден собир на ____ за некои општествени движења да беше организиран во текот на почетокот на лустрацијата или уште повеќе во текот на првите видувања дека е промашена лустрацијата. Ние сега за жал имаме едно видување, добро еден сумар, можда организаторот ценел дека е неопходен иако лично кај мене беше дилемата дали воопшто заслужува после толку време, после сето тоа што се случуваше околу овој процес да уште трошиме енергија.

Најнапред со оглед на времето нема да кажам нешто што веќе не е кажано, меѓутоа сепак една добра идеја за расчистување со минатото, една идеја која што беше замислена со ограничено време на траење место сето тоа да биде при испитување на _____ од минатото за да не се повторат во иднината, за да не дојде до реставрација на стариот комунистички систем токму од одделни носители кои се сметало дека биле соработници на тајната полиција и дека можат тоа да го злоупотребат во новите демократии. Тоа беше еден период по рушењето на Берлинскиот ѕид кој што сума сумару три- четири, најмногу пет години после овој период можеше и требаше да се спроведува. Нашата забегана лустрација која започна со толку големо задоцнување што ја изгуби целата суштина, целиот поим на самиот збор, на самата појава лустрација. Таа место прочистување, место протресување, место проветрување на ова што било таа отиде во помрачување, таа отиде во _____ на такви карактери на луѓе, во такво кршење на човековите права што го нема ни во еден систем. Ние делумно овде слушнавме емотивни искажувања и сигурно уште ќе слушате такви искажувања, но за жал околу 70 луѓе не се во таа прилика ни тоа да го искажат. Тие сигурно пред св. Петар или пред св. Илија ако вршеа некоја функција лустраторите се погрижија и тоа да не можат да го вршат доле туку да го вршат горе. Така да не си во позиција истите овие ни тоа да го кажат. Да се лустрира мртви луѓе, да се лустрира луѓе кои

што биле прогонувани, кои што биле репресирани во минатиот систем, да се лустрираат луѓе кои што си ја вршеле својата функција мислам дека е апсурд за кој што не треба докажување дека ова е лустрирање на здравиот разум.

Овде сум пред вас како прво лустриран и прво можам да кажам конечно една завршена постапка и пред меѓународните институции за кои што Европскиот суд за човекови права ја даде оценката за кои преку овој случај и Европа ја искажа својата оценка за македонската лустрација, покажа дека тоа е еден тотално промашен систем, едно тотално фиеско. Дали некој ќе се обидува да и даде некакви импулси? Дали под името на ова што го погрешивме во наводници, да се вади од сето тоа, нека и служи на честа тоа останува за во иднината. Но, пак ќе кажам овие лустратори овде, поголемиот број, дали кога мене ме лустрираа, ме лустрираа затоа што во 1964 и 1965 година сум основал и основал организација за обединета Македонија и заради тоа во еден период до 1966 година, 1965 првата половина фактички завршува целиот процес каде што сум притваран или _______ од страна на тогашната тајна полиција. Дали за тоа бев лустриран после 50 години? Или пак беше лустриран Уставниот суд, претседателот на Уставниот суд уште повеќе беше лустриран поредокот утврден со Уставот. И тогаш тврдев и сега тврдам, почетокот на таквата лустрација значеше создавање на проблеми во општеството, значеше на определен начин рушење на самиот поредок. Таквата оценка ја искажав во своето прво обраќање пред јавноста каде што сакаа лустраторите тоа да биде тајно, каде позади велот на тајноста да се манипулира и уште тогаш искажав дека моето лустрирање е фактички лустрирање на поредокот, лустрирање на Уставот. Во тоа мислам дека во голем дел се успеа и гледаме на кое дереџе сме. Дали на господинот претседател на комисијата и на неговите членови и на членовите на таа комисија ќе им се допадне пресудата моја од Стразбур? Дали ќе им се допадне сегашното отрезнување или себе видување или принуден исчекор на Управниот суд е друго прашање? Тие никогаш нема да бидат задоволни од правдата и правичноста, но пак ќе кажам тоа нека им служи на чест. Лустрацијата можеше да запре уште во првото видување дека таа го крши поредокот. Требаше да запре по искажувањата и по интервенциите на Уставниот суд во тогашниот состав на два наврати, каде што укажа дека со таквата лустрација длабоко се крши Уставот и уставниот поредок. Меѓутоа, место тоа помина овој состав на Уставниот суд знаеме во какви мнозинства парламентарниот состав ги носеше законите со опозиција, без опозиција...

**Лидија Димова:**

Ќе ве замолам да привршувате.

**Трендафил Ивановски:**

Го донесе овој закон каков што го донесе ако тогашниот состав на Уставниот суд кажеше дека таа лустрација е спротивна на уставниот поредок ќе завршеа маките и немаше да се бламираме пред меѓународната јавност и пред нашата совест. Има многу што да се искажува, но благодарам на вниманието веќе тоа е кажано и верувам дека не треба многу повеќе да се каже. Благодарам.

**Лидија Димова:**

Ви благодарам многу господине Ивановски.

Господинот Сашо Ордановски а нека се подготвува господинот Никола Костурски, значи лустриран граѓанин.

**Сашо Ордановски:**

Почитувана госпоѓо Димова.

Почитувани дами и господа благодарам за оваа можност, прв пат имам прилика да се обратам од парламентарна говорница. Бидејќи, многу е кажано за лустрацијата имаме само по 5 минути, јас ќе се задржам на еден аспект кој убедливо се избегнува да се говори за тоа. Јас мислам дека лустрацијата покрај тоа што во македонскиот модел имаше улога за една, имаше една практично пропагандна ликвидаторска замисла зад неа која што господинот Аџиев перфектно ја спроведе иако се од лимитирани ефекти. Па имаше и една друга улога за која никој гледам не сака да зборува а тоа е да се замагли улогата на тајната служба во Македонија. Македонија е една од ретките земји кои што после распадот на Југославија пошто е распадот на Истокот не ја реформираше тајната служба, во некои други држави од Секуритате преку Штази до бугарски, српски, Словенија знаете како во еден ден ја распушти тајна служба и основаше нова. Во Македонија сочува тој континуитет и гледајте колеги лустрацијата е постапка за расветлување не само на соработниците, туку пред се на службата и на методите. Ние што направивме? Ние создадовме од ДБК Удба, таа не ја реформиравме влеговме во процес на лустрација кога од ДБК која беше Удба создадовме Штази во новата УБК. И ние имаме сега една структура на Штази оти оваа што е под господинот Мијалков што беше, таа се разби во комплетна една Штази служба, која што направи една исклучително вешта димна бомба за да ја затскрие својата методологија, ние за тоа сега имаме веќе како да ви кажам една ретка можност да чуеме како што викаат во оригинални гласови како тоа е правено, да се затскрие таа една огромна, валкана, црна политичка и секаква друга операција, се прејде на еден процес на лустрација во кој што господинот Томе Аџиев успешно ја одигра таа улога да го сврти вниманието на јавноста да лустрира целата комисија, еден број на луѓе, еве слушнав една третина мртви, итн., но за тоа е доволно говорено. 2001-ва година имав ретка можност, тоа малку се знае во Македонија, бев именуван за член на Комисија за реформа на УБК. Комисијата ја постави госпоѓата Доста Димовска, тогашен министер и бевме само двајца цивили во неа, цивили, јас и господинот Звонко Јанкуловски. Бидејќи се работеше за 2001-ва година, сега немојте да ме фаќате за збор, може беше и 2000-та основа на крајот, па работевме 2001-ва, па дојдоа потоа настаните 2001-ва кризата, итн., таа комисија практично не ја заврши својата работа, иако издадовме некаков извештај, но виорот на конфликтот го сврте целото политичко внимание, а потоа и демисијата на госпоѓа Димовска и таа Влада, итн., таа работа остана незавршена. Но јас имав прилика, јас бев поканет во Комисијата точно како граѓанско лице, таа беше составена од разно - разни безбедносни експерти, луѓе кои што беа професионалци во своето, а јас и господинот Јанкуловски требаше да гарантираме некаков надворешен увид во тоа што е правено. Слушајте тоа што јас го констатирав после низа средби, после проучување на сите документи, итн., е страшно. Значи ние се соочивме 2001-ва година, ве уверувам дека работите се само полоши 2016-та, никако подобри. Се соочивме со една служба во која што работат врвни професионалци, во еден неорганизиран систем, систем кој што не е уреден како што треба, систем кој нема институционална меморија што е еден клуч во работа на такви служби, систем во кој што ќе ви дојде сега, еве овој дечково, како се вика овој што има 30-тина години што го ставија шеф на УБК, кој што кога ќе се

потпре на институција која нема институционална меморија, од тука натаму вие сте практично на роло костер, на лизгалка, кај ќе завршите, Господ знае. Системот кој што тој што ќе ги наследи црните тефтери на Шкатров, потоа ќе ги превеле преку не знам Верушевски, Богоевски, ќе завршат можеби кај Мијалков. Така функционира. Секој шеф, секој се крие од секого, сите имаат, нема никакви како да ги кажам суштински, значајни траги во службата за процеси што се водат, море од конфликтни ситуации во која едната служба, едниот го има за соработник, другата го гони за криминал, со, ние памтиме во изминатите 25 години со конкретни инциденти на терен кога се пукаа по разно разни локации луѓе кои што работат за различни служби со така наречени безбедносен интерес заштитени. Значи сакам да ви кажам се соочивме со една служба во која што во самиот нејзин организациски, професионален дел владееше тогаш, а денеска ви гарантирам дека е полошо во една друга смисла за која ______, владееше една релативна дезорганизација. Не велам дека тоа биле несериозни луѓе, дека тоа биле криминалци што работеле, напротив ние имавме прилика да видиме врвни професионалци, но врвни професионалци кои што работат вон систем. Бидејќи работат вон систем, тој систем е потоа подложен на една страшна политичка интузија, на едно политички влијание кое што практично ја побива целата суштински најважна работа што тие луѓе ја имаат, да ги штитат државните интереси на Република Македонија во тој дел кој што го работат, бидејќи сега државните интереси не ги дефинира службата, туку ги дефинира политиката.

Завршувам уште една реченица, знам дека, сакам да ви кажам значи од тука, натаму добивме една крајно исполитизирана служба, без никаква демократска контрола, овде седат можеби и пратеници кои што седат во комисии за наводна контрола на УБК, да ве потсетам извештаите од УБК ви се по страничка, страничка ипол, ако воопшто ве удостои директорот на УБК да дојде, Мијалков никогаш не ве удостои да дојде. Бидејќи ве гледа како нижи бича, само да знаете, да не мислите дека, невредни за разговор со вас. Сакам да ви кажам служба потполно вон демократско политичка нормална граѓанска контрола, со буџет никој жив не може да го знае, ниту пак знае на што се троши, со огромни афери инконтинуа, а сега последната е огромна афера која што ни дава еден увид кој што е страшен за секоја демократска земја без никаква одговорност во која што како екстензија работат вакви комисии за лустрација кои што имаат класични пропаганди, политички задачи, ништо друго, така што јас ќе завршам со тоа дека можеби кога иако падне оваа власт на следните избори, ние сме дојдени во време кога треба да ја распуштиме таа служба во еден ден и следниот ден да распишеме конкурс за формирање на нова служба и да преједеме на една сериозна реорганизација, репозиционирање, со респект кон сите, минати професионални придонеси на претходната служба, но не верувам дека оваа служба што сега работи може просто да се, како да ви кажам, да се преточи во нешто што би било логично на демократска земја и земја има сериозни безбедносни предизвици. Благодарам.

**Лидија Димова:**

Ви благодарам и вам. На ред е господинот Никола Костурски, а нека се подготвува Нора Шаќири Марковиќ.

**Никола Костурски:**

Благодарам госпоѓо  председавач што ми се укажа прилика да го кажам она што не можеше да го чуе Управниот суд на Македонија и Вишиот Управен суд. Не бев удостоен за да одам да кажам во моја одбрана што мислам.

Инаку јас сум Никола Костурски, горд сум на моето презиме Костурски, по потекло од Егејскиот дел на Македонија и по баба, и по дедо, и по мајка, и по татко. Цел мој работен живот во времето кога бев активен го посветив на човековите права на Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Инаку, за ваше сознание ова ми е четврта лустрација. Прва лустрација од 80-та до 87-ма година, кога од тогашните служби е водено досие кое што покасно Комисија го злоупотреби и најде елементи на кодошлук. Втора лустрација од Бугарија седум години забрана за влез во Бугарија поради контактите со Македонците од Пиринскиот дел на Македонија. Трета лустрација, грчка, 19 години не смеам да влезам во Грција затоа што сум опасен по безбедноста, животот, на граѓаните на Република Грција, а се однесува на Македонците од Егејскиот дел на Македонија со кои што моите контакти беа многу чести и целта моја беше -------- на  националната свест во Егејска Македонија. Тие лица со кои што контактирав, Комисијата за лустрација ги изнесува на својата веб страна и му ги дава во уста на државната безбедност на Грција. Тие лица се оштетени. Ниеден од нашите луѓе овде не нашле од моето наводно кодешење. Во документиве кои што ќе ги доставам до Комисијата, видно е дека мене ми биле прилепени 15 луѓе кои што ќе ме прислушуваат и ќе прават досие во внатрешни за мене кој сум бил, каде сум бил, со кого сум бил. Немаше ден да не одам во Грција, да не бидам повикан во државна безбедност и да кажам зошто беше, кај кого беше, што правев. Ниеден исказ нема. Ми беа пуштани и провокатори, ќе го споменам сега покоен ________, провокатори тука комисијата регистрира дека тој бил од државната безбедност на двапати дојде, го насадија да ме провоцира, кажав што е и како е. И тоа ми го пишува како грев дека сум го кодошел. Да, тогаш кога бев повикуван во внатрешни кажав дека _______ дојде и тој е ваш провокатор, што и е регистриран дека бил нивни соработник. Во одборот на Македонците од Егејскиот дел на Македонија каде што беше претседател беше инсталиран човек од државна безбедност под псевдоним, тука во документите стои новинар кој што имал за цел да ме компромитира како претседател во претседателството на Здружението на Македонците од Егејскиот дел на Македонија и во дадена прилика да бидам отстранет од здружението. Тоа не им успеа на тогашните служби. Сега и успеа на лустрационата комисија. Од денот кога излезе информацијата за лустрацијата, јас повеќе не сум член на Здружението на Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Целта беше постигната, со што јас да бидам отстранет од таму, да може средбите на Македонците од Егејскиот дел на Македонија да бидат укинати и да бидат споени со илинденски денови. Сега три години нема средба на Македонците од Егејскиот дел на Македонија. На кого му служи тоа? И да ги редам уште многу работи, не би сакал, меѓутоа оној злочин што го направија, таа Комисија, јас би рекол дека е една монструозна алатка на власта за политичко пресметување со не истомисленицте. Целта за да биде елиминирано Здружението на Македонците од Егејскиот дел на Македонија беше за да сите други здруженија што постојат со надимок Егејци да паднат под капата на власта која што е сега актуелна. Тоа е видно што некои кампањи на сегашната власт почнуваа во Сарај под капата на такви здруженија. Некои од тие здруженија се донатори на споменици, јас ги нарекувам пералница на пари на актуелната власт. Е тоа јас не го дозволував како претседател на Здружението на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, ни една

политичка партија да влезе и да биде покровител односно да дава директиви како да се однесува, и Социјалдемократскиот сојуз и ВМРО-ДПМНЕ и многу други. Да во тоа здружение членуваат сите луѓе кои што се по потекло од  Егејскиот дел на Македонија и луѓе кои што се симпатизери на таа кауза, со право да учествуваат во било која политичка партија, не му беше скратено правото. Од нив, од тие членови има многу членови и пратеници сега на ВМРО-ДПМНЕ, биле членови на тоа Здружение на Македонци од Егејскиот дел на Македонија. Јас бев советник од СДСМ во општина Битола и таму се судривме со некои луѓе за некои материјални помагнувања од стотина илјади евра кои што денеска ни ги побаруваат и се осветуваат за. Ви благодарам, повеќе не би имал. Јас ќе ја замолам Комисијата овој материјал да го има во предвид ако смета за потребно да го разложи, тука е забраната во Грција што не смеам да одам, тука се оперативен план за обработка од службите за безбедност и укажувањата од Сојузната државна безбедност од Белград дека јас треба да бидам гонет по линија на национализам, шовинизам и сепаратизам.

**Лидија Димова:**

Ви благодарам многу.

Следна Нора Шаќири Марковиќ, а да се подготвува Бојан Маричиќ од Македонскиот центар за европско образование.

**Нора Шаќири Марковиќ:**

Ви благодарам на поканата да учествувам на оваа јавна расправа. Ќе ми дозволите лично да се обратам. Јас сум Нора Шаќири Марковиќ, дипломиран социолог, поранешен телевизиски водител - новинар, граѓански активист и ќерка на лустриран новинар. Од свое лично искуство ќе зборувам денеска и особено ми е драго затоа што на оваа дебата учество зема и поранешниот претседател на Комисијата Аџиев и некогаш претседател без мандат, тоа сите го знаеме. Отворено и транспарентно сум зборувала за овој процес, но денеска уште една можност за широката македонска јавноста да слушне како работеше оваа Комисија, кого и зошто лустрираа? Имено, јас сум ќерка на Хисен Шаќири долгогодишен новинар во Македонската радио телевизија, уредник на информативната програма, креатор на редакциите за националности, што е многу важно, член на Советот на Македонската радио телевизија, лустриран и прогласен за соработник на тајните служби, особено Аџиев без еден, единствен доказ. Јас ќе ви образложам и како. Во една моја колумна насловена како „Лустрација на салфетка“ пишував за лустрацијата како процес, а поттикната од она што му се случи на мојот татко и од објавените „бомби“ од страна на Социјалдемократскиот сојуз во кој слушавме како Антонио Милошоски телефонски со Аџиев си нарачува лустрација на човек од Кичево и овој му вика на едниот, не се секирај без гајле, ќе ја спроведеме лустрацијата, ептен ни прави проблеми. Шаќири на 25.03.2011 дава изјава дека не соработувал со тајните служби, 20.12.2011 Комисијата носи решение дека Хисен е прогласен за соработник на тајните служби, на 13.01.2012 го прогласува решението како конечно и овој предмет го заклучува. Интернет порталот МКД.мк прв објавува кои се првите десет лустрирани, за истиот портал, тука присутниот Аџиев дава и своја изјава, додека на официјалната страна на Комисијата немаше објавено ниту едно решение, ниту едно име. Јас дознавам дека мојот татко е лустриран преку медиумите, а лично го добив решението многу подоцна на домашна адреса кога и рокот за жалба веќе беше истечен. Во тој момент мојот

татко се разболува, доживува огромен стрес од нанесената неправда и четири месеци подоцна човекот починува. Дали сме јасни?

Понатаму, работата си ја превземам во свои раце, тоа многу добро го знаете вие господине Аџиев, ги поднесов сите барања до сите релевантни институции. Ги добив на писмено следниве одговори, еве го: Архив на Република Македонија, Почитувани, констатира дека не располага со бараното досие. Од трите други институции, меѓу кои и Управата за безбедност и контра разузнавање добиено на 22.10.2012 стои дека лицето Хисен Шаќири не е евидиран во нивните евиденции. По кој основ е лустриран мојот татко? Каде се доказите? Со кои тајни служби соработувал? Господине Аџиев, мојот татко почина и тој не може да се брани, ама знаете дека јас нема да застанам. Не се уморив да одам од врата до врата да ги прибирам доказите. Ако Архивот на Република Македонија и УБК вели дека Хисен Шаќири не е евидиран, кои сте вие да кажувате дека тој е евидиран? Вие сте над се? Да, да вас ви се обраќам. Дали сте над се? Не знаете. Па не знаете. Го прогласивте за кодош, рековте дека бил соработник  на тајните служби, кодошел вкупно тројца, итн. Бидејќи не знаете законот си го менувавте од секунда во секунда, како на вас ви одговара. Смешно е и лудо е и од тука е јасно дека со овој закон вие не расчистувате со минатото, расчистувате со сите оние кои што имаат против оваа власт. За што разговараме ние? Погледнете ме. Вам ви се обраќам.

**Лидија Димова:**

Јас ќе ве замолам да се обраќате на целата публика.

**Нора Шаќири Марковиќ:**

Си вадите ливчиња од џебови, салфетки, си пишувате, си бришете, итн., итн., си прогласувате кодоши, си кажувате небулози. Еден од вашите членови, за жал не е овде, Даут Даути не можејќи да ја сокрие нервозата реши јавно да ме праша зошто моето семејство ја проблематизира лустрацијата на Шаќири, во изјава дадена за Телма телевизија, 14-ти април 2015. Тој вели дека не е спорно и дека нема официјален документ Хисен дека соработувал со тајните служби и не е евидентиран како соработник, но неговото име се спомнува во некакви ливчиња. И сега ајде одлучете дали Хисен кодошел или бил кодошен, и дали се тоа салфетки или ливчиња кои што вие ги вадите? Повторно ве прашувам каков е тој соработник?

**Лидија Димова:**

Ќе ве замолам да привршувате.

**Нора Шаќири Марковиќ:**

Уште една реченица, кој што јавно објавувал во дневните изданија на Македонската радио телевизија каде бил, со кого зборувал, што пишувал, што снимал, кого интервјуирал? Каков е тој соработник? И да ви кажам уште еднаш во однос на овие итни реформи и оваа јавна дебата под наслов „Раскрстување со минатото според препораките на Европската Комисија", јас на кратко го презентирам своето лично искуство за кое што лично сметам дека е исклучително болно и дека е нарушена честа и угледот прво на мојот татко, на моето семејство. Од тука барам се разбира да се ревидира Законот за лустрација и отворено да се зборува за истиот. Исто така сакам да прашам зошто овој закон важеше само за вршителите

на јавни функции до 2006-та, од 2006-та зошто не? Зошто? Ќе ми одговорите? Вас ве прашувам да. Па вие ништо не знаете. Вие велите дека не знам кој го потпишал законот, Собранието го изгласа. Сакам само да ми кажете што подразбирате под соработка во смисла на овој закон, кој тоа соработувал со тајните служби? И како вели вашиот вистината е како шило, боде. Епа боде господине Аџиев. И да знаете дека ќе прободе. Ви благодарам.

**Лидија Димова:**

Благодарам следен на ред е Бојан Маричиќ од Македонскиот центар за европско образование, а нека се подготвува господинот Ставре Џиков, адвокат.

**Бојан Маричиќ:**

Благодарам претседателке.

Ви благодарам на поканата на оваа интересна дискусија, жолчна и контроверзна како што се очекуваше да биде. Веќе многу работи се кажаа досега, така што јас ќе се фокусирам на едноставно прашање. Имено овој закон беше контроверзен и оспоруван од самиот почеток, од многу фактори, релевантни актери и луѓе, и институции, и меѓународни фактори кои што даваа аргументи зошто и како треба да се измени. Моето основно прашање денес и до мнозинството членови на оваа поранешна Комисија, но и до мнозинството пратеници е зошто сите овие години беше игнориран гласот и на граѓанското општество, и на меѓународната заедница, и на луѓето кои што беа жртви на лустрацијата, зошто се игнорираа сите аргументи и зошто се одеше на слепо спроведување на нечија партиска или политичка агенда?

Од самиот почеток, уште од донесувањето, а особено од почетокот на спроведувањето на лустрацијата, Европската Комисија, Европската Унија, но и Венецијанската комисија направија серија реакции со аргументи зошто и како треба да се смени овој закон. Уште во 2011 година во извештајот за напредокот на Европската Комисија во делот за граѓанско општество, односно политичките критериуми како негативен пример е наведена лустрацијата на тогашниот директор на Фондацијата „Отворено општество Македонија“ Владимир Милчин и на судијата Трендафил Ивановски. Во 2012 година е изразена загриженост за непропорционалноста и неуставноста на овој закон. Во 2013 веќе има мислење на Венецијанската комисија во кое што се изразува загриженост од два аспекти, дека многу време е поминато од 1991 година, значи многу е тешко да се утврдуваат фактите што биле пред 90-та година, еве погледнете ги и примерите од материјалот кој што ни е испратен од Парламентарниот институт, голем дел од тие процеси беа започнати веднаш по промената на системот во 90-тите години. И втора забелешка е злоупотреба на политичка, партиска, идеолошка определба како основ за лустрација. Значи јасно и гласно Венецијанската комисија лоцирала дека лустрациската комисија прави политичка, партиска и идеолошка лустрација и злоупотреба како основ за луѓето да бидат исклучувани, етикетирани и прогонувани. Итните реформски приоритети се само круна, завршница на притисокот на меѓународната заедница врз база на правните аргументи и европските стандарди за конечно тргање на овој срамен закон од правниот систем во Македонија и за жал не успеаја да ги тргнат и неговите ефекти. Требаше да се бара негово целосно поништување. Не оспоруваме дека имало сигурно ситуација на луѓе кои што би требало според овој закон да бидат лустрирани, меѓутоа како да се верува на системот и на оваа комисија ако имаме редица други кои што знаеме дека се неоправдано, и според овие веќе

верификувани случаи во Европскиот суд за човекови права треба да бидат помилувани или да речам лустрацијата за нив да не важи.

Во Итните реформски приоритети се наведуваат четири основи зошто овој закон треба да биде како што се вели или ревидиран или повлечен, а тоа се временските ограничувања, политичката, идеолошка и партиска злоупотреба, лустрација на лица во приватни и полу приватни институции и слаба заштита на идентитетот на субјектите до конечна судска одлука. За судот во Стразбур и за Уставниот суд веќе се зборуваше. Значи и Уставниот суд, сега веќе и судот во Стразбур, претходно Европската Комисија, бројни граѓански организации напишаа извештаи и анализи на оваа тема, лица кои што директно беа лустрирани ја кажаа својата приказна. Моето прашање до членовите на лустрациска комисија и до пратениците од мнозинството, зошто ги игнориравте сите овие укажувања сите овие години, зошто не превземавте ништо за да се спречи повторното создавање на жртви во 21 век во втората декада?

За крај само ќе кажам дека оваа постапка и оваа лустрација не постигна ниту една од целите заради кои што започна, ниту беше фер, ниту ги исправи неправдите, ниту донесе помирување. Напротив само отвори нови рани, неколку пати беше спомнато дека во прислушуваните разговори се споменуваат случаи каде што некој нарачува лустрација за некој друг. Ете да се надеваме дека Специјалното јавно обвинителство ќе биде нова шанса за расчистување на овие случаи и за донесување на правда на жртвите на лустрацијата. Благодарам.

**Лидија Димова:** Благодарам и вам.

Значи следен на ред е Ставре Џиков адвокат, и нека се подготвува господинот Ване Цветанов од Здружение на граѓани „Зелена Лупа“, Скопје.

**Ставре Џиков:** Благодарам на поканата. Еве ретка прилика пак да се појавам во овој законодавен број, но меѓутоа како и во својство на адвокат на дел од моите странки, клиенти кои се видни личности во македонската јавност, кои се личности кои оставиле длабок, не само длабок корен, туку историски работи кои сите присутни не само во оваа сала, туку и во македонскиот парламент треба да се гордеат со такви личности, но темата не е тоа, темата е човековите права низ оваа постапка која е покрената и со овој закон. Моето професионално искуство, се надевам и етика каде што застапував повеќе личности и Македонци, и Албанци, итн., кои го поминавме тој систем по 91-ва, но не го изодивме за жал тој политички систем, а во тој политички систем требаше целта да биде законот. Законот е основен инструмент да се разрешат и вакви конфликти кои биле долгогодишни од еден комунистички систем, во еден плурален систем, итн. Во оваа пригода морам да кажам пријатно ме изненади господинот Сашо Ордановски што раскажа дел од приказната за која што јас лично знам и учествував. Јас сакам до крај да ги кажам работите, во однос на промена на службата за внатрешни работи од тој таен сегмент. Бидејќи уште тогаш во тој период 2001, итн., професионалните структури на тајната полиција увидоа дека прават кардинални грешки, итн., тоа е едниот дел. Бидејќи се работи за законот, тоа ми е професионална и етичка обврска кон оние што ги застапував, а познати личности се, драго ми е денес добив уште еден поднесок, бидејќи активно учествувам во постапкиве, морам да кажам јавно јас не би ја напаѓал Комисијата за верификација на факти, не да ја бранам, да не ме сфатите погрешно, туку треба да видиме каде се слабостите на законот, биле, која е

таа пракса на административно постапување на Комисијата и која е таа пракса на судовите кои учествуваат во оваа управна постапка, мислам на Управниот суд и на Вишиот Управен суд. Јас навистина емоциите се човечки, политички, не сакам да го употребам зборот и политиканстки, бидејќи во Парламентот се може да помине, тоа е право, слобода на мисла на изразување, меѓутоа треба навистина да се свртиме аналитички. Драго ми е што еве оваа комисија, се надевам и почитуваните пратеници ќе видат дека и низ македонското општество и македонската катарза што ни се доживува после 1991-ва, по независноста, јас така ги двојам времињата, нели појава на плурализам, итн., треба да се расчисти овој проблем иако не може ни еден идеален закон тоа да го реши, да се разбереме. Меѓутоа моите лични, професионални, адвокатски искуства, покажуваат и тоа може да се види низ моите тужби, жалби, итн., сметам дека овој денешен настан јавна расправа, бидејќи јас ги пратам колку се може и хрватските настани, сега пред некој ден српските настани во однос на оваа проблематика, и за жал ме изненади ова Собрание или пак дел од нашиве македонски институции, ако не грешам, ќе ме поправите, дека пред некој ден беше Ден на Европа за лустрација од режимите, дали комунистички, фашистички, итн. Тој датум за жал во македонската јавност јас не го видов и навистина мислев дека и тоа е поводот покрај овие. Секој закон си има аномалии, но мислам не треба да се црни со една негативна енергија и негативно селектирање во разговорите и во смисла под наводници ќе ставам навивање. Ова е многу тежок човечки и политички процес, а тоа треба да се заокружи само закон. Ако законов сметам сметам дека има големи недостатоци, тоа сум го кажал и во други ситуации, медиуми итн. сметам дека треба и со оваа расправа да се отвори можност бидејќи тие што се живи и жртви од тој комунистички режим, јас работам еден голем случај, сите се големи, во она што го бранам странките веќе го имав објавено во весникот Нова Македонија, тоа е за Драган Богдановски основачот на ВМРО ДПМНЕ каде што е направено, јавно сум го кажал, сега и книга се спрема за злоупотребите во тој систем. Исто имам објавено во Македонија во комунистичкиот триаголник 1992 година каде што системот уште владееше низ луѓе. Сакам да кажам дека мора да сме со добра намера и со принципот на правичност и законитост кон сите учесници во постапката. До колку тоа не го почитуваме сметам дека ќе дојде до ваква дискусија, меѓу себе ќе има недоразбирање, дури и за жал ретроактивно и ретроградно ќе ни се враќаат политичките процеси во македонското општество. Се надевам дека еве со мојава скромна дискусија придонесов во едно почесно, поразумно размислување и расудување и во однос на тоа дека треба да се направат промени со еден нов закон кој навистина би довел до една поправична разрешница во однос на овој многу тежок политички проблем. Благодарам.

**Лидија Димова:**

Благодарам и вам.

Следен за збор е господинот Ване Цветанов, а нека се подготви професор доктор Новица Вељановски, член на Комисијата за верфикација на факти.

**Ване Цветанов:**

Благодарам почитувана претседателке, почитувани присутни, Македонија се соочува со неправди на секое поле, во секоја пора на општеството и не случајно излезе паролата

нема правда, нема мир. Буквално правдата стана луксуз, да се бара правда е невозможна мисија во најголем дел од случаите. Процесот на лустрација е исто така еден процес кој нанесе огромен број на неправди, огромен број на лица кои требаше да бидат или требало да бидат лустрирани, не беа лустрирани, а голем број на луѓе без никакви докази беа лустрирани само затоа што опонирале на врвот на владеачката партија. Зошто беше потребна лустрацијата и сеуште е потребна ама вистинска лустрација на Македонија. Затоа што сите земји во транзиција по една доба до деведесетите каде што владеел некој си друг систем со други правила и норми, тоталитарен кога влегуваат во демократија треба да се воспостават нови норми за да започнат самите служби да работат професионално пред се. Нашата служба за државна безбедност односно УБК од 2006 година сериозно ги намали стандардите, сериозно го намали квалитетот на работа со самиот прв наплив на носење на луѓе од военото разузнавање блиски на тогашниот директор на самиот врв во Управата. Поголем број на лица беа разместени, квалитетот на службата беше намален, а показател за тоа самиот факт што од Собранието на Република Македонија лицата кои беа членови на Комисијата за надзор на работата на УБК со години не можеа да влезат во УБК да извршат контрола на работата на самата служба. Играта беше преку сертификатите за достап до клаисифицирани информации кои што не им ги даваа намерно и со тоа УБК си обезбеди еден монопол во државата за да прави што сака да прави. последиците од работата на УБК се страшни. Ова е уште еден факт кој што го става под прашалник процесот на лустрација затоа што УБК селектираше што ќе даде на самите лустратори, што нема да даде и никој не можеше да го контролира тоа. Останаа да висат во воздух огромен број на досиеја кои што излегуваа по медиуми, по интернет, се тврдеше дека се копии, но УБК огромен број од тие досиеја, односно поранешниот директор си ги зема во свои раце за да уценува луѓе и да ги држи по политички залог. На Македонија и е потребна реална лустрација, но во некое ново време после ресетирање на комплетниот политички систем затоа што неправдите во секој поле, во секоја пора. Јас лично бев и жртва на еден политички монтиран процес, креација на истата таа УБК каде што сценарио од Стивен Спилберг не им е рамно. Еве јас бев осуден врз база на тоа што двајца други си правеле муабет за мене, без никаков доказ. Тоа е исто како јас сега да разговарам со некој од вас во некоја електронска комуникација и да речам Никола Груевски ми ги даде бомбите, а јас му ги дадов на Заев, нешто слично и да го осудат Никола Груевски за тоа. Така да, Бог да ја чува Македонија да дава сила и да дојде време кога правдата ќе завладее односно ќе завладее владеењето на правото, ќе дојде моментот кога најголемиот дел од луѓето кои се жртви на овој систем ќе бидат можност за исправање на големи неправди кои се направен, бидејќи некои не можат да бидат вратени бидејќи штетите се направени.

**Лидија Димова:**

Благодарам и вам.

Следен за збор е професор доктор Новица Вељановски, член на Комисијата за верфикација на факти, а нека се подготви судија Игор Спировски.

**Новица Вељановски:**

Благодарам.

Почитувана претседателке, почитувани присутни, јас сум член на Комисијата за верификација на факти и сакам да кажам не се чувствувам како на обвинителна клупа иако така изгледа. Поради тоа што не влегов во Комисијата за да правам кариера, туку влегов во

Комисијата за да помогнам ако можам да помогнам, бидејќи кога влегов во Комисијата веќе имав објавено 30 книги од кои 15 монографии и 15 зборници на документи. Во тие 15 се и документите од АСНОМ од кои што некои гледам тука и видете што се случи. Кога работев на документите од првото заседание на АСНОМ и деветте документи што ги има потпишано Методија Андонов Ченто, требаше да подготвам фус нота кој е тој Ченто што ги потпишал овие документи. Се соочивме со една илузорна ситуација, побарав од службите од Министерството за внатрешни работи да ми го овозможат официјалното досие од кое се гледаше дека Ченто бил фатен на грчката граница по пижами и сакал да изврши државен удар. Видите јас не му поверував на тоа иако работев 1964 година, не му поверував на тој официјален документ направен во Министерството, туку напишав сосема поинаква фуснота која денеска уште е валидна.

Ќе изнесам уште еден случај за да видите дали требаше или не. Овде господинот Пивоваров излеа многу солзи за службите како работеле чесно, поштено итн. може некој да, меѓутоа глобално ќе ви кажам дека не. Зошто? Вториот случај да го спомнам за Петар Пирузе Мајски првиот министер за правда во Народна Република Македонија, беше едноставно ишиканиран и не само тоа, туку и крај злоупотребен, тој е испратен на Голи Оток со одлука не на суд, туку на Народен одбор во Белград по барање на Лазар Колишевски и да биде поголемо и поморбидно што би се рекло бараат од него да потпише изјава на Голи Оток дека ќе се соработува, а тој одбива тоа да го направи и службите се договараат да се обидат преку неговата сопруга, така стои во досието која е 25 години помлада од  Петар Пирузе да се обидат службите на друг начин да дојдат до информации, но не успеваат. Дали требало да излезат овие случаи на виделина. Да не зборуваме сега. Колегата Гешовски кажа и ја не зборувам за Комисијата, можам да зборувам за мене каде што сум бил уверен сум гласал, каде што не сум бил не сум гласал. Јас не се правдам овде. Уште еден случај ќе ви кажам сега, зошто во ниеден архив во бивша Југославија и во Република Македонија нема документи од Министерството за внатрешни работи, не се предадени. Кој знае каде се тие. Видете апсурдот што е, ги има документот од Министерството за внатрешни работи на Кралството Југославија, во архивите ги има. Од СФРЈ го нема. Зошто некому не му одговарало тоа. Вториот случај зошто господинот Колишевски 25-30 години претседател на Владата на Македонија наместо да ги даде документите кои што го создавала Владата како претседател на државниот архив кој што самиот потпишал за неговото основање тој покриен под велот на тајната ги предава на МАНУ и таму дава некои услови. Ние се обидовме да видиме таму, тоа е тешко да дојдеш  до тие документи. Потешко е да дојдеш отколку што се во Министерството за внатрешни работи. За тоа се работеше, да излезе на виделина, расчитување на минатото е темата. Не е расчистување со Комисијата за лустрација, малку погрешно се ориентираме. Ако ги имаме во предвид овие глобални согледувања и овие конкретни примери зад кои што стојам и кои што се објавени и во јавноста во документи нема веб сајт, во официјални документи, тогаш и вие ќе сфатите дека не треба да се обвинува лустрацијата туку тој процес со расчистување со минатото не е завршен, ниту на Лазар Колишевски, ниту за Едвард Кардељ кој што барем попаметен бил, документите приватни што ги чувал ги предал во државниот архив на Љубљана и ние ги користиме од таму. Но нашиот премиер Лазар Колишевски не сакал. Значи овде се работи за конзервирање на минатото во обид. Ние против тоа треба да се бориме овде и ако оваа трибина за тоа помогне би среќен, но да се насочиме во вистинска линија, а не во поединечни .....

**Лидија Димова:**

Благодарам и вам.

Следен е господинот судија Игор Спировски и нека се подготви господинот Томе Аџиев, повелете.

**Игор Спировски:**

Добар ден на сите, благодарам на поканата да учествувам во оваа јавна расправа иако морам да признаам откако Собранието лани во август донесе Закон за престанување на Законот за лустрација ќе се навратам на него, мислам дека има доста слабости. Го поставив прашањето чуму е сега оваа расправа. Со оглед на тоа дека е општо познат став за тоа Маричиќ пластично изнесе, не само кај нас туку и во Европа, дека лустрацијата во Република Македонија практично беше не само против уставен процес од гледиште на одредбите на Законот. Значи како политички процес на го доведувам, ниту Уставниот суд го довел во прашање, туку од гледиште на Уставот беше против уставно оставено. Исто така тоа мислење беше потврдено и од Венецијанската Комисија во нејзиното ________. Уставниот суд уште во првиот наврат јасно ги постави сите основни елементи на неуставноста на Законот за лустрација кој што подоцна Венецијанската Комисија ги утврди. Прво прашањето за опфатот лустрација, второ прашањето за персоналниот опфат, трето за непостоењето на процедурални гаранции за оние кои ќе бидат изложени на тој процес. Вториот пат Уставниот суд ги потврди тие свои ставови и јасно покажа дека неуставноста на тој закон мора да се елиминира. Меѓутоа промената која што дојде во меѓувреме во Уставниот суд придонесе за тоа истите тие ставови јасно елаборирани во амикус курија на Венецијанската Комисија, Уставниот суд напросто да ги игнорира. Јас нема како Маричиќ да поставувам прашање зошто тоа не се почитувало. Знаеме дека тоа не се почитувало, меѓутоа ќе ги извлечам консеквенците од тоа не само за одлуката на Уставниот суд со која се пропушта тој закон, туку и воопшто за институционално одлучување во Република Македонија кое беше ставено на тапет од меѓународната заедница и тоа конкретно и во амикус курија на Венецијанската Комисија и во приоритетите на Европската комисија. Да почнам од Уставниот суд. Приоритетите на Европската комисија доаѓаат по одлуката на Уставниот суд од 2014 и по амикус курија на Венецијанската Комисија. Уставниот суд ја донесе одлуката со одбивање на тоа амикус курија, меѓутоа Европската комисија јасно покажува дека не ја респектира одлуката на Уставниот суд со која не е поведена постапка за оценка на уставноста на тој закон бара од оваа земја повторно да се повика на амикус курија на Венецијанската Комисија и да направи приоритетни реформи. Тоа адресирано пред се до Уставниот суд, но е е голема порака за тоа дека Уставниот поредок во Република Македонија од гледиште на меѓународното право и меѓународните уставни стандарди не се почитува во Република Македонија. тоа е јасна порака дека Уставниот суд во перцпецијата на Европската комисија не ја остварил неговата функција. Тоа е голема и тешка изјава.

Втора голема и тешка изјава е делот од пресудата на Европскиот суд на човекови права во случај Ивановски против Република Македонија. Ако внимателно се анализира таа пресуда член 8 повредата на приватноста на господинот Ивановски едно прашање. Меѓутоа од аспект на повредата на членот 6 тој суд си дозволи да напише во својата пресуда дека едно писмо на шефот на егзекутивата во 2010 година влијаело на одлуката на судот во неговиот случај. Европскиот суд на човекови права ни кажа дека нашите судови во тој случај

основано, легитимно е сомневањето дека суделе врз основа на изјава и притисок на шеф на егзекутива и денес доаѓаме на оваа расправа, гледам дека пак зборуваме каква лустрација итн.

Јас затоа почнав дека таа е завршена работа и на општа основа е оцената како неуставна пракса и како пракса, не само како закон и како пракса која е спротивна на европски стандарди. Тоа е објаснето. Ние го објаснивме во првата одлука уште 2008 година. И сега што да се прави или со што може да придонесе оваа јавна расправа. Мислам дека една ваква јавна расправа ќе беше згодна лани во август или пред август кога беше донесен тој закон за престанок на важењето. Ама тој како хермофродит испадна, престанувам да важам ама не престанувам да важам. Остави започнати постапки сеуште да се водат пред правниот суд со недефинирана позиција на Комисијата во случај на поништување на пример па враќање итн. уште две години ќе стои Комисиајта, а се запираат сите други кои не се започнати. Значи такво престанување на важење на закон е всушност во заграда не престанува овој закон сеуште да важи туку сеуште си важи со сите консеквенци на една одредена групација. Значи од аспект на правна сигурност и еднаква примена на закони тој закон не можел да оди така.  И сега еве една година е помината, јас не знам каква е ситуацијата со предметите во Управниот суд, дали се вратени или не, знам само дека Комисијата уште една година ќе работи. Запознат сум со тоа дека има некаков предлог во Собранието, го видов за изменување на тој рок, итн, но во секој случај ние како држава сакаме да престане лустрацијата, а всушност направивме еден бајпас таа да си трае уште извесно време. Кои се причините не ми е јасно, не ни навлегувам во тоа.

Сега е прашањето што да се направи. Како што рече елоквентно Уставниот суд во 2014 година кога не поведе постапка последниот пат за последниот закон, веќе тоа е право на Собранието, тоа е неговото продолжение. Право на Собранието е да определи што сака да определи од прилика е така. Јас сега ќе кажам да, ама во границите на поделбата на власта и принципите што ја одржуваат како базична демократска придобивка, да тој е слободен ама само во тие граници значи нема самоволие туку има накаква разумна и политичко правна димензионирана граница. Сега Собранието дали може да влегува назад во процесот на лустрацијата, да ја преиспитува. Според елоквенцијата на Уставниот суд да зошто да не, може да донесе закон за преиспитување на постапките итн. Меѓутоа јас ќе кажам едно, не навлегувам во политичката одлука, ниту сугерирам политички одлуки на Парламентот меѓутоа како што кажа еднаш убаво Роланд Воркин на многумина овде познат вели и лошите момци заслужуваат фер судење и лошите момци имаат човекови права. Што и да се прави мора да се направи на таков начин. Како што оваа лустрација мораше да се направи со почитување на човековите права на тие што се лустрираат, со гарантирање на процедурални гаранции, сето она што недостигаше, а беше констатирано од Венецијанската комисија ќе мора што и да се прави сега, после да се направи во некакви евентуални нови закони. Да се заштитат човековите права и на оние за кои што можеби Парламентот ќе смета дека треба да претрпат некакви санкции. Благодарам.

**Лидија Димова:**

Благодарам.

Господинот Томе Аџиев од Комисија за верификација на факти, а веднаш по него нека се подготви пратеник Љубомир Јосифовски, повелете.

**Томе Аџиев:**

Благодарам.

Јас мислам дека оваа расправа пред се ја згреши темата на расправа бидејќи темата беше раскрстување со мината според препораките на Европската комисија, а по се изгледа до крајот се сведе до оцрнување на Комисијата, на членовите на Комисијата особено претседателот на Комисијата. Меѓутоа, тоа е тоа.

Сакам да кажам на почетокот дека лустрација во Република Македонија како демократска рамка за спроведување на процесот на лустрација имаше четирите односно двете претходни резолуции на Парламентарното собрание на Советот на Европа од 96-та и 2006-та, како и оние две резолуции од 2009 и 2011 и врз основа на сите напатствија од тие резолуции беше донесен Законот за определување на дополнителен услов за вршење на јавна функција. Согласно тој закон и неколкуте измени на Законот процесот на лустрација во Република Македонија отпочна и се спроведе. Меѓутоа како и секаде во светот особено во посткомунистичките држави каде се спроведе овој процес наиде на силен отпор каде што противниците на лустрацијата користејќи го институтот остварување на Законот пред уставниот суд или некаде функцијата претседател користејќи ја за непотпишување на указот на усогласување на законот со сите сили се бореа процесот на лустрација да не се спроведе. Тоа се случи и кај нас. По донесувањето на законот неколку пати имавме иницијативи пред Уставниот суд за поништување на законот, два, три пати беше стопирана Комисијата да работи со привремено решение за запирање на постапката додека не се донесе конечна одлука, па на сите страни фрлање против Комисијата дека е селективно работи, дека не знам креира досиеја, дека претседателот на Комисијата чува документи во фиока па што сака прави меѓутоа покрај сето тоа сакам да кажам дека тоа сето не беше вистина, дека Комисијата работеше врз основа на документите кои ги има архивирано во Државниот архив на Република Македонија и документите кои ги доставуваат уште три други органи кои беа задолжени согласно закон да ги доставуваат. Комисијата во својот мандат провери околу 30 илјади носители на јавни функции кои доставиле во првиот период изјави дека не соработувале со тајните служби, а во подоцнежниот период со промената на законот преку базата на податоци на сите институции кои поседуваат имиња на носители на поранешни или сегашни и носители кои конкурираат. Во периодот додека функционираше активно Комисијата лустрирано е околу 300 соработници. Заради неутврдување на некои матични податоци уште 126 лица беа завршени постапките пред Комисијата ставени на седница на дневен ред, усвоени извештаите меѓутоа заради недостиг на матични податок бидејќи се јавуваат повеќе лица со исти податоци, чекањето на време да се проверат тие податоци дојде законот за укинување на Законот за лустрација и тие лица останаа необјавени. Исто така по донесувањето на Законот за укинување на Законот за лустрација во Комисијата се изготвени извештаи за околу 300 лица на кои веќе се најдени документи меѓутоа заради попречување на функционирањето на Комисијата тие извештаи стојат во Комисијата во архивата. Тука се кажаа многу работи меѓутоа сакам да кажам дека Комисијата за верификација на факти за сите лица за кои донесе решенија дека биле соработници со тајните служби или биле наредбодавци ниту едно лице не е лустрирано без да постои валиден документ за тоа. Тоа одговорно го тврдам и кој сака нека повели во Комисијата или јавно каде сака нека излезе и да каже дека едно лице е оценето без документ јас сум спремен да одговорам. За секое лице има документи. Значи Комисијата не влезе во таква матна игра кој некој сака така да прикаже дека криела досиеја, криела имиња.

Напротив за секој постои документ дали некој има лично досие, дали на некој ќе се најдат документи во друго досие, меѓутоа постојат документи. Се кажа тука нешто цело време се глорифицира улогата на Венецијанската комисија. Меѓутоа сакам да го поставам малку поинаку тоа прашање, дали сите тука говорници што го спомнуваа тука мислењето на Венецијанската комисија имаат податок дека мислењето на Венецијанската комисија е формирана на барање на Уставниот суд односно на тогашниот претседател на Уставниот суд. Дали имаат сознание дека Уставниот суд по барањето до Венецијанската комисија да изготви мислење случајно или не, не достави податоци, аргументи дека после донесувањето на Уставот на Република Македонија односно после осамостојувањето во архивите на тајните служби се формирани околу 4 илјади досиеја во повеќе партискиот систем во демократско општество. Дали тоа случајно или намерно некој го направил  за да се изготви такво мислење на Венецијанска комисија. Имам податок покасно се заинтересирав затоа го читав едно мислење односно став на секретарот на Венецијанската комисија Томас Маркет кој јавно кажува во едно интервју дека доколку Комисијата имаше податок дека во формирањето имало толку досиеја тогаш сигурно мислењето било малку поинакво. И да не должам  многу би сакал на кратко на сите што застанаа да ги бранат лустрираните како жртви да ги прикажат сакам да кажам едно, ја згрешиле темата. Владимир Пивоваров и Темелко Ристевски, Владимир Пивоваров имавме средна  ние на една телевизиска емисија не го имаше ни прочитано законот ама гледам дека и денес не го има прочитано законот, Темелко Ристевски не знам дали знае дека после 91-та година постои досие Темел, постои досие на Мендух Тачи, постои досие на Филип Петровски, постои досие на Љупчо Горгиевски, на Александар Флоровски, на Зоран Петровски Снајпер, 4000 досиеја дали тоа го знаете вие. Друго во однос на Николче Бабовски, зошто не кажа Николче Бабовски зошто е дерегистриран. Да го покаже ова на оваа расправа тука документот каде што самиот бара да биде дерегистриран бидејќи се донесува Законот за лустрација, тој сака да врши политичка дејност. Господинот Трендафил, сакам да кажам нека не се прави тука наивно да не се прикажува како жртва. Господине Треднафил Ивановски после вашето лустрирање не знам колку досиеја најдовме документи. Постапката беше завршена, па беше коректно мене да ме напаѓа.

**Лидија Димова:**

Ве молам не се обраќајте на присутните ве молам да бидеме коректни.

**Томе Аџиев:**

Друга работа 64-та и 65-та година не заврши вашата соработка, 80-та година завршува кога станавте  член на СК...

**Лидија Димова:**

Јас се извинувам но морам да ве прекинам поминаа пет минути, дозволени беа пет минути излагање ќе ве замолам да бидеме парламентарни во однос на сите други членови.

Благодарам.

На ред е пратеникот Љубомир Јосифовски, повелете.

**Љубомир Јосифовски:**

Благодарам.

Почитувани гости, не знам дали дебата ни е можеби лошо организирана, но не ми се допаднаа последните реплики од гостинот Аџиев од причина што требаше да има на ум дека тие што ги обвинува на јавна сцена немаат право во дебатава да излезат и да одговорат. Можеби ќе беше подобро да останеше на темата и да одговореше како успеа самиот да се стави, тоа нема да слушне, меѓутоа можеби ќе гледа телевизија. Се стави како слуга на режимот и избега од говорницата не сакајќи да слушне ниедна од аргументациите кои што му беа дадени тука. И немав намера апсолутно да говорам на тој начин меѓутоа неговиот говор толку ме испровоцира што не дозволува а да не споменам дека ако денешната дебата требаше да биде околу она што значи расчистување со минатото и при тоа расчистување на некој од гостите да ни укаже како бил спроведуван фашизмот и комунизмот во минатото ние денеска сме во тешка дилема. Како пратеници политички претставници на новата генерација се прашувам до кое ниво се влезени интригите во сите пори на нашето општество. И како ние ќе успееме да излеземе од оваа тема со една единствена цел да се вратиме во некаква нормална држава каде што луѓето меѓу себе повторно ќе може да се гледаат и да се почитуваат, а не да се обвинуваат по сите основи. Е сега тука сакам да наметнам неколку од говорниците успеаа да укажат првично Комисијата за верификација на фактите претставува неуставна категорија голем дел од уставните судии тука укажаа дека тоа не само што е детерминирано, него е точно потенцирано дури и од Венецијанската комисија. Голем дел од гостите кои што говореа укажаа дека Комисијата за верификација на факти претставува монструозна алатка, инквизиција, Комисија за егзекуција. И тука би сакал да се осврнам на дел од членовите кои што покушаа да се изолираат од она што значи оправдано и неоправдано гласање.

Почитувани, самото постоење на Комисијата претставуваше неоправдан чин. Начинот на кој што таа работеше не ги оправда целите за кои што беше формирана. Не можете да ја препишете одговорноста на пратениците кои што имаа единствено цел да донесат закон кој што ќе расчисти со остатоците од минатото. Напротив, Комисијата ја презеде улогата на егзекутор и се стави над државата, над власта, над судството. И не треба многу докази за да можеме да сфатиме дека сето тоа што го правеше не произлегува од законските рамки и услови кои што и беа дозволени, туку тоа многу едноставно беше запишано во оној телефонски запис кога пратеник лице се јавува на член на Комисијата и врши нарачка за лустрација на одреден судија. Пазете до кое ниво е симнато, целокупната смисла на постоењето на оваа Комисија покажува дека таа го изгуби својот легитимитет. И нема да додавам на она што го кажаа гостите почитувани ќе се осврнам на друг дел кој што мислам дека добро е да го знаете македонската јавност, беше споменато дека не е во прашање тука само Комисијата за верификација на факти, исто така како голем дел како знак прашање претставуваат и тајните служби кои што работат во Република Македонија. И апсолутно се сложувам и за тоа ќе применам еден компјутерски речник со оглед на тоа дека сега сите користиме компјутери знаете секој компјутер или секоја алатка за помош има свој оперативен систем. Изминатите 20 години оперативните системи се менува кај голем дел од компјутерите. Пред десетина години во јавноста излезе една приказна во која вика за секој нареден чекор или во стотина чекори ќе ви покажеме што ние ќе направиме. Потоа исто така беше употребена една нова флоскула од типот ќе донесеме надградба на тие сто чекори.

Почитувани, користејќи го компјутерскиот речник ќе ви укажам, нас не само што ни е потребен нов оперативен систем, нас ни абдејт не не спасува повеќе. Она што е потребно за Република Македонија е реконфигурирање на целокупниот систем и сите институции кои што владеат во ова општество. Почнувајќи од Собранието, Владата, судството и сите останати кои што треба да бидат засегнати со таа реконфигурација. Ние не смееме повеќе да дозволиме да живееме во систем кој што е отровен, канцероген, дефектен. Систем кој што не продуцира никакво добро, за тоа е доказ денешната дебата, за тоа се доказ изминатите десет години владеење. Ние треба да се доведеме во состојба во која што луѓето ќе имаат желба да останат во оваа држава, нема да бегаат, нема да оставаат незавршени обврски и ќе виреат на овие простори. Она што ние како млади политичари можеме да ветиме, еве јас од мое лично име дека нема никогаш повеќе да се залагам ваков закон, ваква имплементација на законот, селективна нема да дозволам да достигне во ова Собрание. Нема да дозволам да достигне во оваа држава од причини што единствено на тој начин ако ние се трудиме, ако ние се залагаме имаме шанса за успех и да останеме да виреeме во оваа држава. Во спротивно доведени сме во ситуација ако оваа генерација на нашите родители го трпи ова што го трпат жртвите на оваа Комисија што ли ќе се случува со нас во некое идно време. Имаше една од забелешките на законот беше дека законот важел заклучно со 2006. Прифаќам.

Треба да знаат сегашните политичари и функционери кои го употребуваат. Тоа што го правеле ќе го прават и во иднина. Новиот Закон за лустрација ќе важи од 2006 година. Да колеги мои. Можеби ова некој го сваќа како закана меѓутоа ќе ве информирам. Овде треба да биде ставена точката на оваа дебата. Сите засегнати страни треба да ја ги изборат своите човекови права и слободи на начинот на кој што господинот Ивановски ја доби верификацијата дека не постои дело. Значи преку Судот за човекови права. Она што останува во Република Македонија е да продолжиме наптред без да се доведеме дополнително во форми и начини на вакви злоупотреби. Моето мислење е дека ова никогаш не треба да ни се повтори. Она што е расчистено со минатато да се дорасчисти во рамките на тоа што претставува сегашното битисување и на оваа комисија и во законските рамки, а во иднина да не дозволиме да не виреат ниту вакви комисии, ниту вакви служби во Република Македонија.

Благодарам.

**Лидија Димова:**

Ви благодарам и вам.

Господинот Васко Ковачевски е на ред, а веднаш после него да се подготви госпоѓата Ристанка Лалчевска, член на Комисијата за верификација.

**Васко Ковачевски:**

Благодарам претседателке.

Почитувани гости, почитувана јавност, најпрво да изразам задоволство да денешнава јавна дебата во организација на Националниот совет за евроинтеграции и можноста преку една вакава отворена јавна дебата граѓаните на Република Македонија да ги слушнат личните искуства, личните трагедии на сите оние кои што надвор од законот, спротивно на законските прописи спротивни од уставот на Република Македонија биле лустрирани од една државна онституција која што во цело ова време, во изминативе години беше

финансирана и плаќана со парите од нас граѓаните. Преминот од едно во друго општество секако дека несомнено е поврзано како долготраен процес и преадаптирање и функционирањето на одредени институции. Се применуваат и мерки и инструменти во повеќе форми за ефикасно да се заврши одредена транзиција, онаа транзиција која што Република Македонија во 90-те години ја направи. Лустрацијата е една од тие мерки што се користи со цел времено да ограничи можност на вршење на јавна функција која има влијание врз државните интереси на лица кои во минатиот систем биле носители на јавни функции. Повторувам, носители на јавни функции, но не и писатели, новинари, обични граѓани, членови на здруженија на граѓани.

Комисијата за лустрација во изминатиот период слушнавме во денешнава дебата имаше лична пресметка посебно носителот на оваа комисија Томе Аџиев. Чест на исклучоци на дел од членовите на комисијата кој што следевме во изминатива години дека жустро, остро се спротивставиваа на ставот на претседателот на оваа комисија и дел од членовите кои што слепо ги извршуваа неговите наредби. Наместо да расчистиме со минатото, расчистувавме со сегашноста. Расчистувавме со политички неистомисленици, политички неподобни, оние кои што се спротивставуваат на политиките на ВМРО ДПМНЕ и ДУИ. Класична пресметка, би рекол и брутална егзекуција по нарачка на владејачкото мнозинство. Дел од овие нарачки ги слушнавме и во проектот вистината за Македонија кој што го објави Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Во дел од разговорите Гордана Јанкуловска и Никола Груевски кажуваат дали помина заклучокот на Томе Аџиев. гордана вели не, тоа е усогласувано со Мартин. Знаеме со Мартин Протуѓер. Во разговорот помеѓу Гордана Јанкуловска и Ленче Самарџиеска луѓето кои што беа членови на оваа комисија беа наречени бандата на Томе Аџиев. Дел од членовите на оваа комисија се тука присутни. Дали вие тоа го оправдувате? Највисоките носители на патиски и политички функции од ВМРО ДПМНЕ кажуваат дека членовите на лустрациската комисија се бандата на Томе.

И на крајот она што јас лично го објавив на 8-ми април 2015 година на прес конференција во Битола и не случајно Битола затоа што Томе Аџиев е Битолчанец. Сакав да му кажам дека има телефонски разговор со актуелен пратеник, висок партиски функционер од ВМРО ДПМНЕ во која што нарачува лустрација на судија од Кичево. И како нарачува? Преку човек обезбеден да ги напише и да ги пополни тие формулари и кој што не може да дојде во Скопје да ги поднесе друг човек. Томе Аџиев му вели да, може да ги достави кај Биљана и Биљана ќе ги спроведе во архивот. Во следниот разговор по неколку дена овој актуелен пратеник прашува денеска бил човекот и ја поднел пријавата. Значи човекот е од Кичево и поднел иницијатива за сомнение за судијата Драги, Драги Билевски од Кичево и бара веднаш и многу брзо да се направи оваа лустрација затоа што човекот прави многу големи проблеми. И знаете кој е одговорот на томе Аџиев? Да, ќе го пуштиме сега веднаш и тоа сметајте дека е завршено. Е почитувана јавност, почитувани присутни, ова е начинот како функционираше Комисијата за лустрација во изминативе години. Сега се поставува прашањето зошто Томе Аџиев со неговите соработници, но не и со оние кои беа дел од комисијата и се спротивставуваа на таквиот начин го правел тој претпоставувате, за лична корист, за семејна корист и за извршување на политичката пропаганда на ВМРО ДПМНЕ. И повторно ќе кажам дека овој процес добро е што завршува, меѓутоа уште подобро е да почне нов процес за лустрација и за казнување на сите оние кои што учествувале на ваквиот начин на пресметка со наши граѓани кои што биле или носители на јавни функции но и не биле носители на јавни функции. Меѓутоа за многу брзо ќе имаме избори верувам дека

новата власт и идното парламентарно мнозинство ќе се спротивстави со нови законски решанија на ваквите одлуки што ги носеше томе Аџиев со неговите најблиски соработници.

Благодарам.

**Лидија Димова:**

Благодарам.

Следна е Ристанка Лалчевска, а веднаш после неа нека се подготви господинот Чедомир Дамјановски.

**Ристанка Алалчевска:**

Како и сите присутни што зедоа учество со повеќе или помалку страсти, со разум или без разум, меѓутоа затоа се потребни расправите. Иако да бидам искрена тајмингот не ми е јасен.

Од она што го добив како материјал разбрав дека ќе дебатираме дали Македонија ќе расчисти со минатото или не. Колку и до каде и што треба да направиме понатака. Меѓутоа како и секогаш како што бива дел од дискутантите се прошалтаа на една друга тема која можеби треба да се дискутира во некое друго време и да биде најавена и да бидат подготвени луѓето. Јас ќе се задржам на она што го добив како наслов и како тема на расправа. Лустрацијата се спроведуваше, се донесе закон, се спроведуваше законот како дел од расчистување со минатото. Оквалификувано беше дека таа е задоцнета. Јас се согласувам. Тука сакам да потсетам дека во 1994 година имаше еден обид да се донесе една декларација за извинување на жртвите на режимот кој што беше првиот предвесник дека ние како држава мора да расчистуваме со минатото и кога ќе го отвореше патот на лустрација меѓутоа немаше политичка волја нималку тогаш за тоа да се направи. После одреден број на години веројатно созреаја политички услови, созреаа политичарите, се променија условите, па во 2006 година беше донесена една таква декларација која што беше предвесник на лустрацијата. Имав среќа да бидам дел од Парламентот кога се носеше првиот Закон за лустрација. Морам да го изразам своето задоволство затоа што беше донесен закон по предлог на пратеници со највисок консензус и со најголем број на потписници од редот на пратениците кој покажа силна политичка волја за расчистување со минатото. Меѓутоа некако после донесувањето на тој закон и изборот на комисијата за спроведување на законот, значи комисијата која што требаше да ги верифицира фактите како да почнаа проблемите. Првата комисија, еве имаме присутни членови од првата комисија, беше тивко бојкотирана со логистика, со опременост, значи се она што и беше потребно да започне. Кој и зошто ја бојкотира јас не мпжем да анализирам, меѓутоа знам дека тоа значи дека високиот консензус кој што се покажал при носење на законот не бил искрен.. Значи многумина кои дале поддршка за процесот не биле сигурни дека треба да се расчистува со минатото плашејќи се дека ќе излезат на виделина работи кои за сега предизвикуваат страсти, предизвикуваат болни приказни, меѓутоа процесот на лустрирање не е лесен, не е едноставен. Во сите држави каде што се спроведувал предизвикувал контраверзии, предизвикувал страсти, се менувал закон, па се обидувале на еден или на друг начин да спроведат процес на прочистување на општеството. При тоа во максимално да ги намалат повредите идни, да ги намалат страстите затоа што тој процес може и да задре во некои човекови права. Може да биде дефиниран од одредени како не уставен, како незаконски, како ...итн, меѓутоа тоа е тоа. Јас во целиот тој процес бев малку разочарана од

законодавецот кој никако не ги следеше со измени, со брзо превенирање на сите слабости на законот кој ги покажуваше во имплементацијата. Јас сум свесна дека и првиот закон и вториот закон имаат слабости, меѓутоа законодавецот требаше кој покажа таква политичка зрелост за расчистување со минатото, со носењето на првиот закон, благовремено да ги превенира таквите недостатоци за да не дојдеме сега до ситуација да водиме дебата пост фестум затоа што не знам која е целта на денешната дебата. Лустрацијата е запрена, а дали била селективна, дали имала пропусти и дали предизвикала вакви и такви реакции не е непрбиблив пат. Значи тоа може да се провери. Комисијата со целата архива е тука. Архивите, документите, што е проверено, што не е проверено, тоа е проверлива работа. Ако ние сакаме искрено да расчистуваме со минатото можеме и да ги провериме фактите. Не е спорно тоа, ама на дел од дискутантите без основа да се напаѓа комисијата како најголемото зло мислам дека е неоправдано. Сум била во двојна улога. И како предлагач на закон и како член на комисија. Едно е да покажете политичка зрелост и да сакате еден процес да го завршите, ама друго е да го спроведете со сите можни слабости кои може да ви се појават во процесот без при тоа да имате искрена логистика. Кога викам логистика мислам на сите институции кои требало да ви дадат поддршка не ви ја дале. Соработката на комисијата со службите кои останаа не реформирани после 25 години независност и никогаш ниту една политичка опција не се ни обиде, не се ни обиде да чепне нешто таму. Јас не можам да разберам зошто, ќе кажат некои други за тоа, меѓутоа не можете и многу е тешко да водите процес на прочистување. Тоа е едниот праг, ама не ги реформиравте службите кои продуцирале такви досиеа кои со своето работење, чест на исклучоците, кој со своето работење повредувале човекови права, правеле неправди према луѓето и сега да кажете дека сакајќи ние да ги заштитиме жртвите од тој режим и од таквото работење на службите се доведуваме во ситуација да кажеме сега дека тие што повредувале човекови права, па со својата соработка со службите се жртви. Тое не е во ред.

**Лидија Димова:**
Ќе ве замолам да привршувате.

**Ристанка Лалчевска:** Да, ќе завршам, свесна сум за времето. Јас сакам да се случи нов закон што беше наговестен од некој. Можеби ќе биде подобар од сегашниот. Сакам дури да се случи проверка на работата на комисијата. Ако некој од комисијата се огрешил ќе си одговара. Ако работел исправно нема потреба да го носи целиот терет ако некој погрешил во работењето. Меѓутоа желбата за расчистување мора да биде искрено, мора да биде неселективно и мора строго да се почитува законот. Јас како член на комисијата ниту еднаш не сум се огрешила од законот, а можем да тврдам и за многу мои колеги. Меѓутоа не можам да го носам товарот, ова што беше искажано, само што законот покажал одредени слабости. Значи јас не можам и товарот на законодавецот да го носам на својот грб. Тој требало да реагира благовремено и да ги отстранува онака како што посочила Венецијанската комисија, дала совет Венецијанската комисија онака како што во извештаите било напишано, меѓутоа тоа не се случуваше. И затоа се надевам дека во некое идно време сето ова ќе биде елиминирано и нема процесот на лустрација да биде разбран како што имавме можност да слушнеме.

Благодарам.

**Лидија Димова:**

Ви благодарам и вам.

Господинот Чедомир Дамјановски, поранешен член на Комисијата за верификација на факти, а веднаш после него нека се подготви  Предраг Димитровски, член на Комисијата за верификацијата.

**Чедомир Дамјановски:**

Почитувани присутни, како поранешен член на комисијата, мене сега многу ми е жал што и господинот Аџиев и господинот Вељановски не се тука како поранешни членови, а и сегашни членови. Јас реагирав по нивната дискусија, се пријавив и не знам зошто, дали се уплашиа, дали нешто друго беше, напуштија, меѓутоа да не се осврнуваме така на деталите. Единствено што можам да го кажам е дека оваа комисија од 2009 година беше формирана со мандат да ги истражи носителите и кандидатите за носители на јавни функции. Со цел да се утврди дали тие носители на јавни функции, кандидати на јавни функции соработувале со службите и дали од идеолошка улога нанесувале штета на населението на одредени луѓе.

За законот како закон многу рековте и се служувам дека во многу делови е против уставен. Тоа самиот Уставен суд го кажа но и така против уставен закон без ваква алатка како што беше комисијата, поточно јас би рекол мнозинството во комисијата ќе беа избегнати многу случаеви кои сепак влијаеа на одредени семејства и воопшто во македонската историја. Јас можам слободно да гледам во вашето огледало господине Бабовски и.....

**Лидија Димова:**

Ве молам без дофрлување од место.

**Чедомир Дамјановски:**

Меѓутоа, и господинот Аџиев и господинот Новаковски морам да ги, пошто они искочија на бина и бранеа нешто што не се брани. Директно, без разлика дали закон, во ниеден закон, дури ни во овој Закон не пишува дека може да се подметнуваат туѓи документи на одредени лица. Во некои од случаите беа подметнувани туѓи документи. Еве ќе кажам и кои случаи. Во случајот на петар Карајанов. Тоа го барав и на Комисијата да ја повлечат таа одлука, тие само ми рекоа дека: тоа си е наша работа, ти не се мешај и така во тој стил.

Господинот Новица Вељановски. Ќе ги спомнам само нив двајца пошто тие се јавија.

Господинот Новица Вељановски има правено извештај за една особа, една личност, во кој извештај пишува дека: да, тој бил соработник на службите, само не толку многу. Можете да претпоставите од која страна бил тој кога он пишувал. Не би сакал сега за тоа лице да зборувам, тоа нема смисла, не е коректно, меѓутоа, не беа чесни во својата работа. И сега, доколку не се преземат некои мерки или некои акции за одговорност, нашата држава нон стоп ќе биде така, ако никој за ништо не одговара. Не се одговара за крадење, не се одговара за лустрација, нормално кога ќе изберат некој друг ќе продолжи така, знаат дека нема да одговараат и секој си прави што сака и оваа држава ќе тера назад.

Затоа би сакал да се сноси одговорност па макар и јас. Ако се најде и јас ќе одговарам, не е никаков проблем. Меѓутоа, доколку тоа не се стори, еве јас не знам, и овие тела што ги формираме, сега мала дистинкција ќе направам со ДИК, со Државната изборна

комисија. Па и тие гласаат дали да се тргнат од списокот лица кои не живеат на тие адреси. Пријавено од граѓани, од жители на Македонија пријавено дека на нивната куќа се водат не знам, некои лица кои воопшто не живееле таму, и они надгласуваат дека не треба да се бришат. Ваквите тела како нашава Комисија, мојата поранешна, ДИК, додека не сносат одговорност за својата работа секој ќе си прави по налог и по порачки. Затоа би сакал, би апелирал, до овој состав, до наредниот состав да секој си сноси одговорност, без разлика дали е функционер или не е. А не ако е функционер да ја злоупотребува својата функција со што нанесува штета и на лицата поединечно а и на самата држава како колектив. Благодарам.

**Лидија Димова:**

Ви благодарам и вам.

Сега на ред е господинот Предраг Димитровски и последен за денеска Орхан Ибраими, пратеник.

**Предраг Димитровски:**

Добар ден на сите. Благодарам на поканата за учество на оваа дебата, иако мислам дека во суштина е малку задоцнета и ако навистина се имало искрена намера околу процесот на лустрација да се дебатира, тоа во најмала рака требаше да се направи пред една година.

Јас ќе тргнам од тоа што е насловот на дебатата: Расчистување со минатото. Целиот процес на лустрација беше замислен и е замислен како начин за расчистување со минатото со оние носители на јавни функции, јавни овластувања кои за време на привршувањето на своите задачи ги кршеле основните човекови права и слободи.

Навистина, ако се тргне од минатото, јас ќе кажам неколку работи Во Архивот, Државниот архив на Република Македонија се пренесени околу 15.500 историски оперативни досиеја и има уште 21 илјада судски досиеја. Низ нив апсолутно може да се види начините, методите и средствата со кои што се служела поранешната тајна полиција во пресметката со своите идеолошко политички неистомисленици или популарно, тогаш наречени: внатрешни непријатели.

Ако на тоа се додадат и _________ за работа на Службата за внатрешни работи, тоа е се уште табу тема, а јас мислам дека апсолутно е време и момент да се отворат тие документи за да се види на кој начин и со кои средства најрационално, најсликовито се користела тајната полиција. Сега ќе се префрлам на тоа што беше денеска изнесено.

Прво, ќе почнам од улогата на Уставниот суд. Уставниот суд на Република Македонија на два пати донесе одлуки поврзани со Законот за лустрација. Меѓутоа, за мене е мошне индикативно што Уставниот суд не побара мислење од Венецијанската комисија уште пред да одлучува првиот пат по Законот за лустрација. Зошто тоа не го направи Уставниот суд, веројатно знае само мнозинството членови кои ја донесоа одлуката за укинување на тогаш оспорените законски одредби. Ако ги погледнете препораките на Венецијанската комисија ќе видите две работи, на две работи ќе укажам. Едната работа е препораките на Венецијанската комисија кога станува збор за работата на Уставниот суд на Чешката Република во која што оценува дека временскиот опфат за процесот на лустрација е општествено политичко, а не уставно правно прашање поради што Уставниот суд на Чешката Република воопшто не одлучувал за временскиот опфат на лустрацијата. Кај нас,

значи, Уставниот суд одлучува за нешто што е општествено политичко, а не уставно право прашање. Кога сум кај сегментот за општествено политичко прашање ќе напомнам дека токму ова Собрание Законот за лустрација, значи првиот Закон за лустрација го донесе со општ политички консензус. Е сега, тој општ политички консензус не значеше само потреба за донесување на Законот и за расчистување со минатото, туку и оценка дека во периодот од 1991 до 2006 година во Република Македонија немало изградено функционална демократија, односон немало изградени институции способни да ја бранат демократијата сами по себе.

На овој сегмент ќе додадам уште една одлука на Уставниот суд. Одлучувајќи по првите оспорени одредби, појдовната основа на Уставниот суд беше дека треба да се лустрира минатото, а не сегашноста која треба да се оспособи и се живее. Овој израз, во оваа почетна позиција на Уставниот суд нема да ја најдете во второто изјаснување на Уставниот суд, кога неговата одлука се трансформира во тоа дека треба да се лустрира актуелната сегашност. И сега се поставува клучното прашање, кога почнува актуелната сегашност? Во 1991 година, 2000 година, 2014 година? Еве, нека биде 2014 година, 2015 година. Што правиме со дупката од 1991 до 2014 година? Ќе се правиме дека не постои.

**Лидија Димова:**

Ќе ве замолам да привршувате.

**Предраг Димитровски:**

Во ред. Благодарам на укажувањето.

Значи, ако искрено сакаат политичарите, пратениците, господине Бабовски, со чист образ стојам пред вас и пред огледалото, со чист образ. Може да се најдат со најсоодветни решенија, затоа што тие 15 илјади, 30 илјади досиеја никој жив не може да ги уништи. Тие ќе станат предмет на истражувања и на објавувања. Ако сега основниот изговор за нападите врз Специјалното јавно обвинителство е дека го напаѓаат тие што имаат страв од него, и истото важи и за процесот за лустрација. Од процесот на лустрација се плашеа оние кои сметаа, кои знаеја дека имаат, односно се присутни во досиејата.

Некој спомена формирање на институт. Апсолутно прифатливо решение, што мислам дека ќе биде најсоодветно решение.

Е сега, од целата дебата денеска произлезе дека има луѓе кои се правилно лустрирани и има луѓе кои се неправилно лустрирани. Ве молам, кога сакате формирајте ад хок комисија, тело, какво сакате тело формирајте, ние сме подготвени да се соочиме со сите членови, со сите документи таму.

На крај, ќе ви кажам два сегменти од болното соочување со минатото. Едно од најчувствителните прашања кога станува збор за минатото на Македонците е името на Иван Ванчо Михајлов. Прв пат јавно на дебата во Собрание го поставувам прашањето. Тајната полиција уште од 1958 година има документ во кој вели дека за Македонија Ванчо Михајлов е помала опасност од појавата на македонскиот национален фронт. Да ви кажам колку досиеја има отворени по линија на Ванчомихајловизам. Понатаму не можете ни да замислите.

Друг сегмент. Антиквизацијата. Недозволиво е тајната полиција да води луѓе кои ќе вработат на антиквизација да ги храни со документи а тоа политички да се злоупотребува.

На крајот, пак за Ванчо Михајлов. Тајната полиција ги бара документите на Ванчо Михајлов од седумдесет и некоја година ја има на линија секојдневно неговата секретарка до деведесет и некоја година, документите на Ванчо Михајлов, без разлика какви се, тоа е работа на историчари, не ги бара ниту една државна институција. Ги бара тајната полиција, а не научни и државни институции. Тоа е жално за Република Македонија. Благодарам.

**Лидија Димова:**
Благодарам и вам.
И последен е мојот колега Орхан Ибраими.

**Орхан Ибраими:**
Благодарам.

Внимателно ги слушнав последните дискусии. Четирите, петте последни дискусии, ми оставија голем впечаток искрено да ви кажам. Првото прашање кое би сакал да го поставам тука. Доколку постоело следење, а свесни сме дека се случило тоа, е тоа исклучителна, зборувам за __________во поранешниот комунистички систем, поранешна југословенска република, Албанците биле категорија на народ кој што секогаш бил мета на разни манипулации, тортури, голем број од Албанците се иселени од нивните живеалишта според албанското здружение на затвореници во Македонија биле следени, уапсени политички затвореници 24 илјади Албанци.

Друг факт е тоа што Демократската партија на Албанците во плурализмот неколку пати придонесувал со консензус во неколку договори, како што е и случајот со Комисијата за верификација на фактите. Но таа поддршка од мојот политички субјект била со единствена причина со цел и идеја дека тоа ќе биде инструмент кој ќе навлезево деталите и ќе ги дешифрира случаите на следењето на, особено граѓаните Албанци, бидејќи, доколку се занимаваме со проценти во поранешниот комунистички систем, сигурно ќе бидат 90% Албанци, другите 10% другите етнички заедници. Ова го велам најсигурно. Но, искрено се виде дека оваа Комисија си ја сработи својата работа во Република Македонија на криминализиран и политизиран и партизиран начин. Бидејќи кога се споменува тука Уставот и законите се предизвикува неверување, бидејќи човековите и слободите на човекот немаат допирна точка со овие норми. Исто и во случајот на оваа Комисија. Само во однос на формата како е избрана и создадена. Со конкретен пример ќе спомнам. Имаме еден наш колега неколку мандати и тој е член на таа Комисија за лустрација, значи, имало факти кога ги примил фактите докажани дека бил човек произведен од поранешниот комунистички систем, од тогашната тајна полиција и тој доказ и во неговата лустрација е изгласана. Се поставува наједноставно прашањето, дали може да изгласа фактот на некоја институција, верификуван факт и во суштина оваа Комисија прекршила основни права со цел да ги лустрира граѓаните. Потоа, произлегува најголемата дилема на граѓаните Албанците кога се _______ дека се 24 илјади Албанци политички затвореници, само по себе се подразбира дека постоела плејада на соработници од албанските редови. Јас сум Албанец и излегува дека ја напаѓам многу својата етничка заедница. Не ја напаѓам. На секој човек на кого му се одземени и прекршени основните права и слободи, многу е лесно да се идентификуваат елементи на уценување, насилство, разни ____, со цел да се претворат во слуги и послушници на системот, но трагедијата не е само во поранешниот систем. Можеби уште поголем дел од трагедијата е со почетокот на плурализмот. Условно кажано, со почетокот на

демократијата во оваа држава. Со какви параметри се мерат човековите права, слободи или пак институциите демократијата во државата. Државна институција, како основен елемент кој ги коригира другите институции, се спомна претходно од еден од дискутантите дека во плурализмот се отворени 2000 досиеја. Не две, четири, се извинувам. Не две или четири, или 40 илјади, или 40, туку 4 илјади дошле меѓу кои бил и нашиот лидер господинот Мендух Тачи, пратеник тогаш и пратеник и сега. И во ниту еден интелектуален круг од било која етничка заедница тоа не се покренува како прашање кога на еден лидер му се одзема правото да делува, да се организира бидејќи отворањето на досиејата се знае што подразбира.

Следење, надзор, прислушување тоа е последна мерка прислушување на разговорот и потоа интервенирање односно навлегување длабоко во политичкиот албански субјект да се следи што прави или како делува. Дволичноста да биде уште подлабока се изнаоѓа некаков начин, некакви досие и сите други форми на неинституционален начин, се покренува постапката од актуелниот претседател на Демократската партија со цел да ги тужи државните институции. До ден денес од 2003 до денес не се одржала седница односно рочиште или пак не се виде засходно да се свика седница да се расправа или пак да се реши прашањето зошто е отворено ова досије или за кого служело ова досие, како политичка елита или политички субјект. ДПА, ние многу јасно и поранешниот систем и овој систем не се разликуваат по ниту една точка или запирка. Зошто го велам ова, бидејќи тајната полиција во минатото на ниеден начин или форма не дозволувале пристап на албанските кадри. Истото се случува и денес. Албанецот може да стане министер, можеби за внатрешни работи, не може да стане директор на Управата за јавна безбедност и контраразузнавање. Значи таа управа е целосно партизирана и освен тоа дополнително е етнизирана. Не може управникот да биде Албанец или пак директорот на Државниот завод за статистика. Се смета како нерелевантна институција меѓутоа исклучително е важна институција и директорот не може да биде Албанец бидејќи потоа Албанците тогаш ќе ги добијат најважните информации. Колку приходи, колку дознаки се запишуваат, колкав е процентот на заедниците евидентиран и ние расправаме само со цел да се прекине копираноста со минатото. Тоа може да се случи само со длабоко самореформирање на секој граѓанин во Република Македонија, интелектуалците, Академијата за науки и уметности на Македонија. бидејќи оваа институција делувала по иста филозофија и стратегија со 60-те последни години кога секој граѓанин на Република Македонија ќе биде свесен дека Управата за државна безбедност треба да биде во служба на граѓанинот, а не на политичките елити или политичките кланови или пак коруптивни и криминални кругови, или пак да ја штити државата од Албанците. Не можете да ја штитите државата од Албанците на овој начин, само се загрозуваат Албанците на овој начин. Доколку се одигра фудбалски меч помеѓу Албанија и Македонија јас сум државјанин на Република Македонија меѓутоа срцето ми вели да навивам за Албанија. Токму поради вас и вашето третирање на нас како Албанци бидејќи од 2002 година има 200 илјади Албанци кои исто се иселиле, кои што требале и треба да живеат и да егзистираат тука. Не 10% можеби се и Македонци поради сиромаштијата или пак немање на перспектива. Ексклузивно поголемиот дел се Албанци. Има илјадници други факти кои укажуваат на ваквата длабока дискриминација и доколку ние целиме да чекориме напред кон меѓународната заедница треба да се промени пристапот на функционирањето на државата во суштина. Не може да се повикуваме на функционирањето на Германија, на Унгарија или на било која друга држава од истокот кои што можат да се напоменат како

примери меѓутоа јас ценам дека Македонија има посебни карактеристики во однос на кои треба внимателно да водиме сметка како и во која насока да се движиме. Според мене доколку посакуваме длабока реформа, длабока декриминализација на политичката класа, застапеноста во институциите каде што граѓаните ги гласаат по своја слободна волја. Зборувам за локалната самоуправа и Собранието односно пратениците. Само тогаш кога ќе се декриминализираат овие сегменти од животот и токму се отстранат овие елементи од сегментот на тајната полиција тогаш ќе мора да се занимаваме со судската власт. Пред некое време имаме случај во Албанија основање на четири нови институции кои не постоеле, институции кои функционираат во САД и други западни земји. Треба или не треба неопходно е да се движиме во таа насока. Деполитизација, департизација на судската власт со нови форми. Поинаку нема да имаме успех, не само верификација на фактите туку ниеден сегмент во кој граѓанинот на оваа држава е зависен од државниот перфоманс. Благодарам.

**Лидија Димова:**

Благодарам.

Со оглед на тоа дека е исцрпена дискусијата ја затворам јавната расправа на Националниот совет за евроинтеграции. Како секогаш практика од јавните расправи е се подготвува извештај и извештајот ќе биде ставен на располагање на јавноста на сајтот на Собранието.

Би сакала лично да ви се заблагодарам што издржавте цели три часа на оваа јавна расправа и се надевам дека е ова почеток на подобрување на една состојба во државата.

Благодарам.

Јавната расправа заврши во 14:03 часот.